СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 мај 1998 година

Скопје, мај 1998 година

**4 (четврто) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 90 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО Н АРЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 19 МАЈ 1998 ГОДИНА**

ДИСКУТАНТИ:

1АБДИ ФАИК – 6, 7, 33, 38
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 42
3. БАЈРАМ АМДИ – 2, 5, 26, 30, 48, 88
4. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ – 17, 20, 45
5. ЌЕНАН ХАСИПИ – 9, 12, 22
6. ЛАЗАРОВ ЈОВАН – 80
7. МИНОВ ПАНЧО – 62
8. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1... (води седн.)
9. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА – 15
10. РАМАДАНИ ХИСЕН – 13
11. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 24
12. РАМАДАНИ САЛИ – 46, 57, 63, 64, 65, 66, 67, 71, 72, 75, 78, 79, 84, 85, 89, 92
13. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 63
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 38, 45, 51, 81
15. СПАСОВ ЃОРЃИ – 2, 48, 49, 50, 52, 54, 57, 66, 67, 69, 70, 73, 74, 75, 76, 77, 82, 83 86, 87, 89, 90, 91, 92, 95, 96, 97, 98, 101
16. ТАИРИ МЕВЉАН – 14, 31
17. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 77
18. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 5

Дневен ред:

С.1 – Продолжение со претрес по Текстот на Предлогот на закон За избор на пратеници во ИЗГЛАСАН на с.102

Точка 2, стр.98 – Закон за референ. И граѓанска иницијатива, Изгл.с.102

Точка 3, стр. 102 – Автен.толк.на чл. 111 од Зак.за транс.на пред.

-

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од четвртото продолжение на Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 мај 1998 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работи по Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин, Ѓорѓи Атанасов, Слободан Богдановски Димче Настовски, Ванчо Чифлиганец, Љубомир Поповски, Илинка Митрева и Драган Митевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи при одлучувањето по амандманот на членот 94 став 5 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски и од пратениците Кенан Хасипи и Хисен Рамадани немаше доволен број пратеници, амандманот го ставам повторно на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 94 став 5 поднесен ОД пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

I/2 сс/вц

Има збор г-дин Горѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Мојот амандман се состои за пропорционалниот систем, затоа што пропорционалниот систем, 35 пратеници со 5% и тие 5% мислам дека неправилности кон националностите се водат.

260 илјади жители во Македонија, по статистика, се оштетени и немаат право на глас, затоа што не постои со 50 илјади, кои 5% кога би излегле милион гласачи во Македонија, од тие милион гласачи би требало 5%, 35 пратеници на пропорционален систем со 5%, би требало да има 50 илјади гласачи. Но, за жал, нас Ромите не нема 50 илјади. Нас не водат 52 илјади жители во Македонија, по статистика.

Со тоа гледам, околу ромите и другите националности, по преамбулата, како што постои уставното право, се чувствува како навреден, како националност, што ми е ускратено правото на гласање за пропорционалниот систем и на моите граѓани и на другите националности.

Тоа го замислувам и го искажувам вака, Ромите, Турците, Србите, Бошњаците, Власите и Македонските муслимани и другите националности кои постојат во Македонија. Мислам дека избирачкото тело во Македонија, некаде околу 1,5 милиони, а 2 милиони и нешто се жители во Македонија, од тие 2 милиони жители, на 260 илјади жители ускратено им е правото и тоа е некаде процент од 26%, 25% некаде во жителството

на Македонија. Всушност од оние кои имаат право на глас.

Со тоа предлагам овој Парламент малку да размисли, оваа Влада, министерот го замолувам, сите, за да не биде, да не не терате на еден трет национален блок. Ова води кон еден трет национален блок во Македонија. Зошто, затоа што не принудувате сите ние, со сила сите да се споиме да направиме еден трет национален блок. Мислам дека трет национален блок не е потребен во Македонија.

Ако не може да се усвои на 2%, јас предлагам 2% затоа што 20 илјади од секоја националност ако не од шесте националности, може од 2-3 националности, што би било овде по пропорционалниот на 2%. А, од тие другите, мислам кои имаат на 5%, доволно, како на пример има 440 и неколку илјади од Албанците, милион и триста, тоа е милион и седумсто, милион и осумсто. Размислете, дека на 260 илјади жители граѓани на Македонија ни го одзимате правото.

Размислете и нешто друго што значи Македонија, признавањето во Европа? Бараме да влеземе во Европа, Македонија, што значи нашиот министер за надворешни работи, министерот друг кој оди од Македонија, претседателот на државата Киро Глигоров кога го бара правото на Македонија, претседателот на Собрание сега беше низ целиот свет малку околу Македонија, мислам за Македонија да види, што значи, како е, со тоа, премиерот исто што значи Македонија кога оди во Европа и во светот, непозната држава и сака да пристапи кон Европа? Што значи како едно малцинство е тоа во Европа. Е сега, да си земете на пример што значи моето излагање во Собрание за овие националности што ни го ускратувате правото и што нас, Словенија ја примија таму во Европа, а Македонија не ја примија, па како беше на Македонија?

I/4

Со ова сакам да кажам како ние се чувствуваме, националностите во Македонија што ни го ускратувате правото во Македонија. Мислам дека е голема грешка. За ова ќе треба посериозно да го сватите. Доколку, дајте, од дневен ред ова за националности да го решаваме посебно, да се врати во Владата, Владата нека решава повторно и да го решиме овој проблем.

Многу е лесно да не се прифати овој амандман. Меѓутоа, размислете дека не е добро, омаловажени сме сите и се создава голем проблем. Ни го ускратувате правото. Десет пати го кажувам тоа. Значи, ова е болна точка. Дајте, со 2%.

Доколку не може со 2% дајте по национално, по еден застапник нека има овде од шест националности, шест застапници, одземете ги од тој пропорционален систем, по клуч, нека има по еден овде.

(реакции од место).

Нема проблем, затоа што доколку има потреба, има. Не би требало Албанци, а јас ги одземам Албанците. Но, другите националности кои немаме 50 илјади избирачи, дајте или вака да го решиме проблемот, доколку мојот амандман се одбие, како што е одбиен, ќе барам од сите пратеници, од сите вас барам поддршка да ме подржите за ова, да размислите затоа што живееме во Македонија од разни националности и треба да го решиме проблемот на националностите во Македонија. Да им го дадеме правото, да им се даде правото како што има секој граѓанин право. Доколку овој амандман не се прифати, уште еднаш, јас ќе дадам друг амандман, уште еден, по клуч да има по еден од националностите, предлагам по еден да има застапник тука, покрај пропорционалниот систем

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор г-дин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Сакам малку да го исправам г-динот Амди Бајрам. Набројувајќи ги националностите во Република Македонија ги спомна и Македонците муслимани. Тие не се националност. Тие се дел од македонскиот народ. Македонецот е македонец, дали е муслиман, католик, православен итн., тоа се приватни работи.

Сакам да го замолам и него и сите други да внимаваат од сега натаму што зборуваат од говорницава бидејќи не е фер ниту е коректно.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Доколку имам гаф од моја страна, према националностите, јас мислам дека многу добро кажав, а доколку г-динот Алил Џаферовски се оградува дека сум ги навредил Македонците муслимани и не се тие муслимани, тие се македонци, еве, јас се оградувам од тоа. Не ги застапувам во нивно име да кажам за македонските муслимани. Барем за овие пет националности само и за овие пет националности кои имаат свои партии предлагам по клуч од партиите по еден да биде од сите националности, мимо македонските муслимани што ги кажав.

Се извинувам за гафот што Алил Џаферовски го искажа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Абди Фаик има збор.

**АБДИ ФАИК:**

Почитуван г-дине претседателе, г-дине министре, дами и господа пратеници,

Најпрво честитки до претседателот на Собранието, г-дин Тито Петковски за успешното патување и успешните постигнувања шетајќи низ целиот свет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

**ФАИК АБДИ:**

Јас би сакал малку да се произнесам околу ова што зборуваше г-динот Амди Бајрам и неговиот предлог иако помалку смешно и скоро сите се смеева. Скоро сите се смеева. Добро, човекот толку знае, толку кажува, меѓутоа, сржта на проблемот ја кажа.

(Реакции во салата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место.

**ФАИК АБДИ:**

Ако сакате да ми дозволите, ве молам да ми дозволите господо пратеници, избраници на народот, има некоја работа на која треба да се внимава. Не мора, а треба. На пример, на што?

Рековме дека тој праг од 5% го нарековме и ваков и таков, па на крај испадна дека е прохобиционен праг, што не би требало да се спомне прохибиција. Не е тоа казна. Тоа е поради непознавање на јазикот, веројатно, и така е тоа дојдено , направено. Г-динот прет- седател не беше тука и не ја слушна дискусијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Читав и во Америка за оваа дискусија голема овде.

**ФАИК АБДИ:**

Овде имаше предлог, па можат и Ромите да дојдат во СДСМ и таму нека бидат, ќе ги предложиме за пратеници. Па, јас тогаш станав, на тоа момче, младиот г-дин прв пат го гледав да излезе да зборува на говорница.

Понатаму, споредбата со 5% на милион да излезат гласачи, тоа е 50 илјади. Која е таа логика што, би кажала дека е во ред, ако еден милион излезени гласови ја поделат, една проста математика, на 35 пратеници, се добива бројка од 28.571 и кома нешто гласач, а вака бараме и ако има 49 илјади, пак неможе затоа што нема 5%. Мислам дека е тоа многу лошо.

Понатаму, би сакал да прокоментирам една друга работа, кога заврши минатата седница без форум, надвор се сретнавме со еден колега од СДСМ, тоа не е да речам ниту последните ниту претпоследен, туку е веднаш после најодговорниот, па јас малку нашала дофрлив коа-лициони партнери сме, мајката, што е работава? Тој ми рече - де мајката, 60:1 или двајца, какви коалициони партнери?

(Реакции од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам од место.

**ФАИК АБДИ:**

Јас да ви кажам, во ниту еден момент, јас зборувам за амандманот г-дине претседателе во ниту еден момент не сум помислил дека јас сум нешто посебно од она, Сојузот за Македонија едно време што беше, а сега оваа страна. Јас тврдам, пред бога и пред земја, пред овој Парламент и пред народот на Македонија, пред граѓаните.

дека овде, ако не повеќе, ама три четвртини од едно цело, значи најмалку имате по 5, по 10 по 100, по 200 по 300 по незнам колку гласа, заради тоа што ние како ПЦЕР кажавме дајте го гласот за Сојузот за Македонија. И по градови. Точно. И, ако некој се пожали за тоа тогаш е срамота. Срамота е да се рече дека не сме коалициони партнери само затоа што е еден овде. Или двајца. Ние сме завршиле голема работа овде во Парламентот. И тој еден и тие двајца, за Република Македонија. Ако може некој од тоа да се пожали, односно да рече не е тоа така, тоа би било срамота.

Па знаете, не мора да се прифати овој амандман. Не мора да има овде од националностите, да се разбереме. Може да има само Македонци и Албанци и тоа е тоа. Албанците на број повеќе. Овој Парламент нека биде чисто на Македонците, на Албанците, а јас знам за изборите кога ќе почне изборната кампања и сега тоа веќе почна има трка по Ромите. Од сите партии, па и најновата, на мојот добар пријател Циле. По Ромите сите трчаат. Ако, нека трчаат. Ќе се исподелиие, ќе ги раскараме, ќе ги поделиме. Не дека немаме право не ни го зел правото да гласаме. Него каде, за кого. Дали ќе имаше од партијата претставник овде, односно од етничката припадност или нема да имаш. Дали ќе биде од СДСМ односно според програмата на СДСМ, односно на ВМРО, односно на ЛДП, односно на ПДП или ПДПА или на Алтернативата, како ќе му свириш така ќе игра. Тоа е таа програма. Нема што друго.

Знаете, просто речено, тоа е тоа. Биднало што биднало до сега. Може да било забрана, можда е ова прохибиција. Па, да ја

речеме дека е и прохибиција.

Како сакате, на ваша душа. Како сакате така гласајте.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани пратеници, Пред да поминам на моето размислуваше по овој основ, сакам да укажам на две работи:

На потребата од сериозност во оваа ситуација. Имено, во текот на расправата по повод овој закон, на предлозите на опозицијата што задираа во суштината на изборниот закон, се однесувавме сериозно. Ова е сериозна работа за една друга групација и јас сакам сериозно да се однесуваме. Во крајна линија мора да постои минимум етика во Собранието. Ако се водиме по девизата дека она право што го посакуваш за себе биди подготвен да го дадеш и на други, во најмала рака треба сериозно да се однесуваме.

Имено, маратонската расправа по Предлог-законот за избор на пратеници несомнено укажа на неколку работи:

Прво, во технологијата на изготвувањето на изборниот закон, освен во почетокот кога беа консултирани сите политички партии, евидентно е дека во подоцнежниот период, во дизајнирањето на изборниот закон, дефакто беа вклучени партиите на коалицијата и поголемите опозицони партии или, со други зборови помалите политички партии и поедини партии на националностите беа маргинализирани.

Второ, самиот тек на расправата укажа дека предлагачот однапред беше подготвен да прифати дел од амандманите само на побројните политички партии, амандмани кои задираат во суштината и карактерот на изборниот закон, додека амандманите од таков тип, предложени од другите политички субјекти, беа одбиени,што повторво истите ги фрли на маргините на дизајнирањето на изборниот закон.

Трето, што е посебно значајно, изненадува податокот што и реакциите на медиумите повеќе се задржуваат на коментарите од типот дали во Собранието се точи алкохол или не, дали некој пратеник го навредил избирачкото тело или не, отколку дали висината на изборниот праг понуден во Предлог-законот е најреален во поглед на равномерната распределба на мандатите во највисокиот законодавен дом на земјата.

Четврто, самата расправа покажа дека корекцијата на изборниот праг не е само што беше силно подржувана од политичките партии на помалкубројните националности во земјата и помалите политички партии, туку и преку дискусиите и коментарите на дел од коалиционите партии и дел на поедини пратеници во парламентарната опозиција, што само по себе укажува дека не обрнување внимание на овој релевантен факт, дефакто, значи класичен пример на мајоризација во овој законодавен дом.

Самата расправа покажа дека бројните аргументи изнесени од оваа говорница дека снижувањето на изборниот праг дефакто нема да ги наруши политичките односи во идниот собраниски состав и нема да доведе до нестабилна влада, не беа побиени, со ниту еден контра-аргумент. Од оваа говорница се слушнаа и најразлични теоритизирања во врска со понудениот изборен модел, се нудеа можности преку коалицирање да се овозможи политичка и национална хетерогеност на идниот законодавен дом без да се респектира политичката и мулти-етничката реалност во Република Македонија.

Коалициите не се ништо ново во политиката, ниту пак се страни или непожелни за политичките партии на поедини националности, или помали политички групации. Меѓутоа, самите расправи околу нивното

дизајнирање и преточување во пракса се пратени со бројни проблеми и во најголем број на случаи одат на штета на помалите партиципиенти.

Впрочем, досегашниот период на повеќепартизам во РМ покажаа дека бројни вакви коалиции не го издржија притисокот на индивиду-алните или партиските интереси во рамките на таквите коалиции и истите се распаѓаат.

Понудените амандмани во членот 94 што се однесуваат на висината на изборниот праг не одат само во прилог на поедини политички партии на националностите и условно земено помалите политички партии, туку во прилог на респектирање на вкупниот државен интерес, зголемување на угледот на земјата и што е најважно, пореална распределба на мандатите.

Имено, сите симулации на можните резултати во наредните избори укажуваат дека со снижувањето на изборниот праг се добиваат најмалку уште 5-6 мандати за поедини национални партии и помали политички партии, што во вкупниот збир од 120 пратеници е занемарлива бројка и, буквално, воопшто не ги нарушува односот на силите во Парламентот.

Со снижувањето на изборниот праг, дефакто се оневозможува можната огромна диспропорција во распределба на мандатите, доколку се задржи изборниот праг од 5%. Имено, доколку 70% од избирачкото тело излезе на гласање, што е сосема реална претпоставка, во тој случај за да се надмине изборниот праг, потребни се над 50 илјади гласа.

II/1 РД/НД

**КЕНАН ХАСИПИ:** (Продолжение)

Самиот податок дека во таква ситуација на добиен над 49.000 гласови не се добива мандат во Собранието на Република Македонија, укажува на огромната слабост што ја има ваков висок изборен праг и е класичен пример за огромен одлив на гласови во прилог на поголемите политички субјекти.

Доколку резултатите од последните парламентарни избори, или уште поточно локалните избори се еден од релевантните показатели за односот на силите меѓу политичките партии. Иако истите послужат како појдовна точка за анализи, за можните идни резултати за идните избори) ќе се види дека стравот, дека со снижувањето на изборниот праг, голем број на политички партии, условно речено помали ќе се стекнат со мандат за највисокиот законодавен дом е нереален и можен само во теоретски анализи.

Оттука, ваквиот аргумент во одбраната на високиот изборен само што не држи, туку и нема поддршка во практиката. Неминовно се изведува заклучокот дека основната интенција на предлагачот е да се елиминираат помалите политички партии и поедини политички партии на националностите, се со цел да се добие по можност бипартиска влада. Јас во амаднманите што го предложив, и во алтернативните решенија понудив, како крајна алтернатива квота за националностите. Поедини дискутанти од оваа говорница укажуваат дека Владата во идниот период треба сериозно да размислува за квота за поедини националности. Јас морам од оваа говорница да кажам дека во принцип сум против квоти. Јас квотата ја понудив како крајно алтернативно решение, доколку не постои политичка волја да се снижи изборниот праг. Ако се сеќавате во врска со Законот за основното и средното образование од оваа говорница изнесов дека сум против квоти, од причина што ги става во

нерамноправна положба. Таа алтернатива за квоти ја понудив единствено доколку не постои политичка волја да се прифати снижување на изборниот праг, за технологијата може да се размисли подоцна.

И најпосле на нас кои инсистираме на снижувањето на овој изборен праг, не ни преостанува ништо друго, туку да се заблагодариме на коперативноста на предлагачот и на спремноста на истиот да прифати и некои нови идеи во врска со изборниот закон и да се обидеме да ги бараме модалитетите на евентуален заеднички настап на идните избори за да овозможиме мандат во Собранието.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, јас немав намера по претходниот амандман да учествувам во расправата, но би сакал само неколку збора да кажам. Навистина признавам дека сум изненаден зошто Владата по ова прашање е толку тврда. Бидејќи поминала таа работа околу општата дискусија за законот, сакам да кажам дека два политички покрупни за мене проблеми на законот. Првиот е односот помеѓу пропорционалниот и мнозинскиот систем. Никој не објаснува зошто е земена оваа мерка и што значи за демократскиот и плуралниот систем. За мене е таа апсурдна. Или е половина, или е целина, сразмери кои што се необјасниви. Што значи 35 во однос на 120 пратеници. Во образложението нема ни збор. До душа целото образложение е техничко, не е политичко. Но еве да се вратам на темата. Зошто за 35 пратеници, не може да се прифати квота која овозможува учество со пратеници на помали партии и на други социјални групации кои не можат да го исполнат условот од 5%. За 35% сега конкретно да зборуваме. Дури господинот Хасипи дури малку е нереален кога велеше дека се работи за 5-6. Воопшто не се работи за 5-6. Се работи за 2-3 пратека. Што однос ќе поремети тоа три-четири пратеника повеќе или помалку. А ќе задоволи едно барање кое пошироко во Собранието и е реален

однос на самата состојба во општеството. И национална и политичко-партиска. Навистина сум изненаден и мислам после усвојувањето на Законот треба да се покрене иницијатива да се бара оваа измена и дополнување на Законот пред изборите. Бидејќи мислам дека е нелогично да не се прифати таков предлог. Овој на Амди мислам дека е малку нереален, бидејќи не се исполнува одредена математика за да се добие пратеник. Но 3% пресметано е дека е реално.

И уште нешто ме загрижува. Јас постојано инсистирам нема помин, верувам дека ќе стигне. Ние мораме да водиме сметка сите за си- те. Не можеме секој за себе, ниту партиски, ниту национално. Само така ќе обезбедиме хомогеност. Ќе обезбедиме интеграција. Вака сами придонесуваме за дезинтегрција. Јас уште еднаш ја молам навистина Владата таа да биде иницијатор она што до сега го изгласавме мислам погрешно тоа да се поправи.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, во потполност се согласувам со господинот Кенан Хасипи во неговиот апел да се обрне посебно внимание на ова прашање, затоа што навистина можеби се работи за десетина проценти на гласачи кои што еве гледате дека на некој начин се оштетени, но не можеме сите ние другите комотно да се однесуваме и да не водиме апсолутно сметка за нивниот интерес и за нивното претставување во највисокиот законодавен дом на државата. Но во секој случај обрнувам внимание дека освен, според тоа што се има како статистички податоци,освен Турците кои што најверојатно спокојно би го поминале изборниот праг од 3% или 2%, најверојатно никој друг тоа нема да успее да го направи. Така што сепак јас се враќам на тоа што го исфрлив како идеа да се размисли од страна на Министерството за правда да се воведат одредени квоти за националностите кои што

најверојатно со така низок праг од 2% не би можеле да фатат приклучок во Парламентот. Поради тоа сметам дека единствениот начин, не само Турците кои што повторувам, најверојатно со изборниот праг би успеале да влезат во Парламентот, туку најмногу за претставниците на Ромите, Србите, Бошњаците, па и Муслиманите, кои што како муслимани се имаат изјаснето во одредена категорија, можеби се тие Босанци, но во секој случај тие се имаат изјаснето како посебна категорија според последниот попис. Мислам дека е неопходно воведување на избор- на квота за сите овие националности кои што најверојатно нема да можат да го поминат тој изборен праг.

Мислам дека е нецелисходно ние како пратеници меѓу себе да се убедуваме, потребно е да го коментира сето ова министерот за правда и евентулано доколку мисли дека по однос на ова прашање да го искаже ставот на Министерството и на Владата. Но во секој случај обрнувам внимание дека не е доцна сеуште да се размисли и да се из- најде начин за да се задоволи барањето на овие групации кои што со ваков закон, со ваков изборен праг нема да можат да сметаат на претставување во Парламентот.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, господа пратеници, мислам дека расправата по конкретниот амандман, има покрај овие аспекти кои претходните говорници ги кажаа од аспект на политичка претставеност или не претставеност на одредени национални групи во Републичкиот Парламент, кој по мене можат, но не мора да се врзат исклучиво само со партиската листа, нормално дека и по сегашните критериуми од 120 изборни единици, тие се претставени што не значи дека 85 нема апсолутно да ги претстават, напротив според степенот на концентрираноста, мислам дека некој од тие изборни единици таа

функција од тој аспект гледано ќе ја исполнат. Меѓутоа, она на што сакам да укажам е следново: Иако господинот Хисен Рамадани тоа го доведе во прашање, сепак во Парламентот мислам дека е надминато како решение со моделот 85, 35, тоа се утврди во другите членови на кој немаше амандмани, ниту имало неприфатени амандмани. Сакам да укажам на следното. Во изборниот модел од 35 на пропорционална листа, математички е невозможно да се интервенира со амандман процентот да се спушти од 5 на 2. Затоа што таа варијанта математички е неиздржлива и не овозможува пристап со 2%, а овозможува големи проблеми од математички аспект на моделот кој нема да бидат инкорпорирани соодветно во моделот и ќе настанат проблеми кои самиот модел нема да може да ги реши. Што значи ако од самиот модел со 35 е утврден како таков во Парламентот се надевам со огромно консензуално мнозинство, тогаш ние мораме да водиме сметка за следново Дека проблемот кој што сега го дискутираме општо за спуштање на нивото на листата де проблем, кој јас не спорам дека може да се дискутира. Одлуката е сепак во рамки на Парламентот, меѓутоа, мислам дека апсолутно неможеме да оперираме со бројки кои по моите видувања се движат во следниве ремки. Теоретски, практично може да се случи секој процент помал од 2,86 да не обезбеди просуство во Парламентот врз основа на пропорционалната листа на еден пратеник,затоа што коефициентот со 35 со 2,86 е точно еден пратеник. Меѓутоа, ако има таква распределба на гласовите значи практично видување. Се разбира, дека ќе има и листи помали од овој процент и на нив ќе се даваат некој други гласови, што значи по мое согледување дека и практично и теоретски, секое спуштање на изборниот праг под 2,5% го доведува во математички проблем самиот модел. Затоа мислам дека иако имаме и генерална расправа и конкретна расправа по овој амандман, мислам дека Собранието не е во состојба апсолутно да решава. по овој амандман, затоа што самото решавање го прави неспроведлив моделот. Предлагам на сите предлагачи кои имаат

амандмани по овој член, кои се движат во вредности помали од 2,5% апсолутно да имаат предвид, дека математички се неостварливи во моделот и да ги повлечат а да расправаме колку за тоа има волја во Парламентот, само за оние кои се праткично и теоретски остварливи во ваквиот модел со 35 пратеници затоа се од 2,5 нагоре.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господине министер, дами и господа пратеници, повод за мојава дискусија е една пријателска дискусија, која што синоќа ја водевме по повод изложбата што ја организира Турската амбасада, по повод фотографии и уметнички дела на Ќемал Ататурк.

Следејќи ја дискусијата и во општата дискусија зедов збор во кој што укажав дека некои работи кои што се случуваат во делот на националностите или националноста придонесуваат граѓаните на Република Македонија да се поларизираат и дека таа теза која што се застапува во овој Парламент, со себе носи доразбивање не на гласачкото тело туку на општата позиција на граѓаните на Република Македонија, бидејќи до крајни граници ги политизира.

Припаѓам на групата на граѓани во оваа држава кој што има многу висок степен на космополитизам и во делот на националностите освен она што мора да претставува културен идентитет и да се валоризираат вредностите на нацијата,националното, се она што со себе носи политичка импликација, како претставници на национално нешто или на етничка група мене ми е страно. Еве зошто сметам дека тоа е страно.

Прво, дека политизирајќи ја состојбата во државата, ние имаме многу способни граѓани на Република Македонија,кои што можеби никогаш нема да допрат до прагот на Парламентот на Република Македонија. Меѓутоа, само со тоа што некој припаѓа на некоја националност

или на некој етникус, само со тоа да му се обезбеди присуство во Собранието на Република Македонија, мислам дека тоа претставува денеска во современите текови на размислувања и теркови во цивилизираниот свет нон сенс. Зошто се поставува прашањето, дека претставник на некоја нација денеска да не биде претставник и кандидат на некоја политичка опција во Македонија. Кога велам дека е политичка опција, пред се, мислам на програмската определба на партијата. Ако ние застанеме на едно становиште дека еден кандидат, во една изборна единица за која што имаме национално или етничко мнозинство, зошто да не биде тој еден претставник на одредена политичка програма во Република Македонија, а не поради тоа што таткому бил македонец, албанец, турчин, или незнам што во етничката вредност. За мене би било многу убаво кога господинот Хасипи би бил во мојата партија, кандидат во Гостивар во неговата изборна единица како Турчин, кој што е претставник на мојата партија. Затоа што сметам дека тој би се определил за програмата на мојата партија. Но исто така, нема да ми смета, намерно го прозивам господинот Хасипи, да биде исто така претставник на граѓаните од Република Македонија од турска националност, но како граѓанин во изборната единица да биде и претставник на ЛДП, или на некоја друга партија која што е во државата.

Делејќи се по националност, а ние на овој свет сме дошле по националност не затоа што сме сакале, туку така не напишале, бидејќи нашиот татко,дедо, бил Турчин, Македонец, Албанец итн., мислам дека тоа ние до крајни граници го исполитизиравме во кои што воглавно само ги гледаме нашите интереси во името на граѓаните на Република Македонија од етникусот ваков или онаков. Со господинот Ердоган Сарач и синоќа господинот Рамадани водевме една шала во која што јас изразив едно мое мислење, ова е индивидуално како претставник на

парламентарна група, не како став на политичка партија, а тоа е дека малите политички партии и националните претставници полека треба да одумрат а да станат претставници на граѓанството нешто во државата Република Македонија.

**ИГЊАТИЕ БОГДАНОВСКИ:** (Продолжение)

Во општата дискусија реков дека некој може да си дозволи во оваа држава, а по некои информации има 35 или 45 партии во оваа држава, ќе собере една група на своја фамилија или едно пошироко племе, ќе формира политичка партија, ќе ги извести главните медиуми дека држи конференција за печат за јавни медиуми, тој зборува до изнемоштеност и средствата за јавна комуникација ги пренесуваат вечерта итн. со еден маркетинг или еден фолклор. Па, дури ќе си дозволи, реков во дискусијата дека некој минорен политички субјект, кој што никој не обрнува внимание на него, тој ќе каже дека еве мојата партија нема да гради коалиција во изборниот период со таа и таа дотична партија, која што е релевантен политички субјект во оваа држава, да речам една од поголемите партии, која што најмалку е, минатиот пат реков 100:1, а денеска е 1000:1. Политички субјекти како индивидуи, кои што име на националност, но националност е некоја вредност ко'\а што претставува културно достигнување на вредностите, на националистичка вредност, а национализмот подразбира да му мислиш не само добро на својот народ, туку да не му мислиш лошо и на другиот народ, кој што е непосреден чинител и сожител со себе.

Гласам против амандманот односно не сум за усвојување и во контекстот на вредностите на оваа држава треба да дојдат до израз само способностите, паметот и вредностите на граѓанинот на Република Македонија, а не кој што е по национална припадност. Зошто, би рекол, е ка? Од таму од каде што потекнува имаме едно големо племе на мое

што и јас припаѓам некаде, па зошто и од моето племе, ако е веќе националност, па од тоа племе утре во Уставот или во Изборниот закон да бараме и ние да имаме претставник. Зошто утре да немаат и религиозните групи претставници во Македонскиот парламент, бидејќи покрај националното, тие застапуваат како што знаеме, јехови сведоци, индиски секти и тн., затоа што и тие може да соберат своја популација во верските објекти и да каже дека ние претставуваме релевантен фактор во Република Македонија, па и ние сакаме да влеземе во Уставот и да имаме некој свој претставник во Парламентот. Од тој аспект ние само му наштетуваме на битието на граѓаните на Република Македонија, а под граѓани ги подразбирам сите националности кои што живеат, затоа што сметам дека космополитскиот, националниот идентитет е утврден, има некое тело во Собраниево, односно во Собранието или во државата, тоа е совет на националности каде што со некој си пропорционален систем незнам како се застапени, каде што интересите на граѓаните од националностите дека тие претставуваат политички национален субјект, се застапени во Република Македонија. Мислам дека, а и минатиот пат реков дека со една ваква политика ние многу придонесуваме за дестабилизацијата на граѓанството во Република Македонија, па да не речам и нешто пошироко и дека во целата Република, затоа што се делиме не по квалитет и по способност, туку кој што наследил во своето национално или етничко битие во Република Македонија. Благодарам, тоа беа моите размислувања по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хасипи

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Видете, ми беше фрлена ракавица, јас ја прифатив. Прво, почитуваниот професор еден неформален разговор претерано го вулгаризира. Ако го вулгализираме, јас ќе го вулгаризирам до крај, па ќе речам дека, полека да се слеваме секоја партија помала партија во поголема и да се вратиме на монопартизмот. Идеално решение е. Тоа е многу потешко, меѓутоа, има една полесна алтернатива, државата до декрет да забрани формирање на национални партии. Пак е проблемот решен. Трета работа, никој овде не го скратува правото на било кој турчин во Република Македонија преку одредена политичка партија да се кандидира за избор на пратеници. Тоа право никој не им го ускратува. Јас само барам мојата политичка партија да има право да предложи свој кандидат и да има услови за да може таков кандидат да излезе. Инаку, воопшто не е спорно. Па дури предлагам и ова, нека се воведе принцип за квота и тој турчин што во било која партија ќе освои најголем број гласови, тој да биде претставник во Парламентот. Крајната интенца е тоа. А, дека ние ќе коалицираме, професоре, и тоа како ќе коалицираме, меѓутоа, ствар на наша проценка е со кого и како. Уште нешто да ви кажам, дека ако некој е толку убеден дека кај нас заживеала граѓанската демократија, нека повели некој пратеник од СДСМ нека се кандидира во изборна единица во Гостивар ќе видиме како ќе помине.

Господине професоре, во тие варијанти паѓаат квалитети, доаѓаат до израз национална припадност. Тоа е реалноста во Република Македонија. Оттука, не само оваа Влада, било која Влада идна, наредна, било која партија да дојде на власт за припадниците на националностите, кој што политички не можат да се организираат на ниво да заштитат одредени интереси, кој по овој или оној основ некој ги

загрозува, дословно сите сме контаминирани со по нешто, да има заштитни механизми. Инаку, во тој случај ќе се сведеме само на држава во која се застапени две националности по игра на случајност, по што ете сме така родени некои да ги има повеќе, некои помалку и тогаш ќе си играме бројки. Ниту пак, интенцата моја беше да штитам национални партии. Впрочем, ние сме 4 години овде во Собранието и секој може да процени кој како настапувал од оваа говорница. Па, според тоа, дали со еден удар ќе се импутира нешто, тоа е сосема ирелевантно, мене тоа не ми делува. За ова толку, меѓутоа, сакав да се обратам на г-динот Никола Поповски кој што изнесе еден податок. Ние со господинот Хисен Рамадани поднесовме еден амандман каде што инсистиравме изборниот праг да биде на 2%. Меѓутоа, накнадно го симулиравме моделот бонтовиот со разни алтернативи и увидовме дека за најреална поделба, без да се прави позитивна дискриминација за било која партија, процентот од 3% е идеален. Значи, добро рече се движи помеѓу 2,86 и 3%. Со тоа може да се постигне идеална распределба и да се даде шанса што без оглед и во оваа ситуација изборниот праг од 3% е тешко достижен. Но, во интерес на реалноста, објективноста да нема и во овој поглед позитивна дискриминација, како што има до сега. Меѓутоа, и една друга вистина е, мора овде да се изнесе, г-динот Никола Поповски пред 15 или 20 минути имаше шанса да гласа за 3% која што е математички изводлива. Значи, ќе ве молам, немојте овде, ние и тоа како добро се слушаме и разбираме кој што сака да каже. Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, г-дине министре, од кога овој амандман, доби во тоа што е сериозност на расправа, тогаш и јас се мотивирав и да кажам и јас неколку збора, затоа што веќе се отвора тема која е многу интересна и би требало да се убедиме односно колку можеме едни на други да презентираме ставови за да се дојди до една ситуација односно до еден став што, верувам, ќе биде позитивен токму за тие што предлагаат вакво нешто.

Сега, едно ми е јасно дека веќе не ја промашуваме темата. Затоа што законот се донесува за наредните избори, а тоа значи дека тука никој не излегува кога расправа за овој амандман или за оваа проблематика да рече дека ова што е праг 5% ќе и смета на мојата партија, затоа што нема да ја помине, затоа што пред изборите сите најавуваме дека сме големи партии. Мислам тука само господинот Стојановски рече дека малите партии треба да пазат, како да признаваше дека е мала партија односно претставува мала партија.

Суштината е во ова дека ние мораме да признаеме еден факт дека имаме во Република Македонија регистрирани партии врз етничка основа. Тие си имаат и име и презиме како партии. Тоа значи дека таа реалност треба да се признае. Зошто? Веројатно, и кога се регистрираа тие партии, некој мислел и сеуште мислат дека во овој Парламент нивниот глас, нивниот електорат треба да прозвучи во оригиналност како таков, затоа што ако не прозвучи оригинално тука во овој Парламент, ќе

прозвучи некаде каде нетреба. Односно ако прозвучи таму ќе има сосема друг призвук, а Парламентот односно говорницата е место каде што секој како претставник на одредена националност ќе ги кажува мислењата односно ќе ги артикулира интересите на тој етникум, односно на таа националност. Што сакам со ова да кажам? Со ова уште еднаш обрнувам внимание дека ние не можеме веќе да се повикуваме на тоа како што било порано, пролетери, сите сме пролетери од Тирана до Москва, сите сме космополити и тн. Тоа што е припадност, етникум, тоа е една реалност што ние ја имаме во Република Македонија, ја има и во други држави. Друго е тоа да се избориме ние за интеграции, меѓутоа, тие се интеграции со државни атрибути. Да речеме, кога некогаш било пролетерството, меѓутоа, сега е Европската унија и тука ние мораме да правиме разлики, затоа што тука веќе имаме интеграции на државни грибути, т.е. и други економски, па можат да бидат дури и политички. :ледниот пример, јас по некогаш го употребувам, кога една дојч марка тоа веќе тоа што многу значи за Германија, меѓутоа, сега е евровалута. Тие се 1боти кои апсолутно мислам дека не можат да се споредуваат од тие тогашни интеграции врз основа на некоја идеологија и овие интеграции врз основа на нешто сосема друго. Затоа, мислам дека без разлика дали ние досега што расправавме, ми се чини најмногу се расправаше за една ваква интервенција во членот 94, ставот 5. Може да остане тој праг, меѓутоа, ние пратениците по некогаш, посебно кога се работи за амандмани ги поминуваме, преминуваме амандманите многу формално, дури и не ги читаме, мораме да признаеме, и така рутински си поминуваат без да навлегуваме во суштината на амандманот, односно навлегуваме во суштината дури кога ќе се отвори сериозна, и тоа многу сериозна, сензибилна и чувствителна расправа.

Затоа, мислам дека траба, дали министерот, дали Владата да интервенира со начин дали е тоа процент, дали во некој друг шлем, затоа што некои математики, па сега ни кажуваат, ни со 3% ни со 2% не може да се постигне целта итн. Меѓутоа, уште еднаш, мислам дека добро е да прозвучи гласот тука во Парламентот преку претставникот, затоа што тоа што е граѓански концепт, мислам не би сакал тука да се свати дека ние што настапуваме од оваа позиција или вака, сме против граѓанскиот концепт. Има доста добри, мноштво работи кои исто така спаѓаат во тоа што е граѓански концепт. Во тој граѓански концепт, за да се гради тој концепт, тука може да настапува и претставник односно пратеник и од турците, власите, бошњаците, србите и од ромите, сите тие, меѓутоа, ќе настапат тука. Тука, затоа што ќе бидат бирани од својот електорат, како што ќе им се предложи, веројатно да ги артикулираат некои специфичности кои што ги има секоја националност. Затоа, мислам дека треба да се оди со една интервенција, дали тоа ќе биде друг член, но на едно вакво размислување, можеби би требало да оди подобро министерот или Владата на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Благодарам за не поддршката на многу пратеници и што се изјаснија дека нема да гласаат за овој амандман, а по тоа се гледа колку

големи демократи се и колку заедничко сожителство имаме во Македонија како националност и како припадници на разни националности. Многу благодарам, не сакам да ги именувам кои се и што се, благодарам на претходните говорници кои кажаа дека има место во другите поголеми партии. Јас предлагам друго, оној кој размислува вака во Парламентот овде и на други кои сакаат да се кандидираат за идните избори, Сојузот на ромите е позната партија најмала и најмлада партија во Македонија им отстапувам место на Сојузот на ромите како доктори, специјалисти, доктори на науки, пошто немаме кај ромите многу такви, да ни ја зголемат партијата и листата малку да ни биде поинтересна со многу поголеми вредности и со многу поголеми личности. Затоа што, не е само Социјалдемократскиот сојуз, не е само ЛДП, не е само Социјалистичката партија, не само ПДП партијата, не е само Турската партија, не се само ромски партии, треба да сватите дека штом законот дозволува да се регистрираат партии во Македонија и не ни го скратувајте правото, затоа што против сами себе си гласате. Давате предпози сами против себе, укажувате нешто во Македонија. Укажувате во Македонија дека не постои демократија со тоа. Уште не сме примени во Европа. Сите знаете дека тука имаме разни делегации, ги имаме многу делегации примено во Македонија и ние кажуваме дека ние националностите ги уживаме сите права во Македонија. Но, сега со ваков изговор, со вакво излагање на мои многу добри колеги, каде и јас сум од таа лева страна, тоа не го порекнувам, до крај ќе останам доследен до изборите, додека сум го дал зборот на овој Парламент, јас ќе бидам со левата страна со Социјал демократскиот сојуз, ќе гласам и се што треба, но нормално правата на националностите и правата на помалите партии, нормално, ќе го бранам интересот на моите граѓани од каде што сум

III/9

избран и на кого му припаѓам. Затоа, мислам дека не е вред да не повикувате да се утопиме во некои партии. Ако мислите дека треба да се утопиме во некои партии, пред тоа овој закон да се предложи, сте требале сите да не соберете од националностите, помали партии и кажете дека треба еднопартиски систем во Македонија да се донесе и дека во Македонија нема демократија, не треба кон Европа, треба да се вратиме на стариот комунистички бивши систем. Значи, овде треба да направиме едноумие и еднопартиски систем. Ако така размислувате, јас мислам дека тоа не е вред, а зошто вие не доаѓате во Сојузот на ромите, пошто сега имате вишок на пратеници и не ќе можат сите да добијат на листа, дајте ги тие вредни во Сојузот на ромите да ја зголемиме листата и бидете на листата кај мене па да видите како е тогаш. Кој како ќе се чувствува тогаш кога ќе му го дадат 18- тото, 20-тото или 34-тото место, па да види како ќе биде тогаш, значи нереалност, неправилност. Оваа недела, бевме Гаф на неделата на медиумите во Македонската телевизија и на сите медиуми и по сите весници бевме. Што значи тоа? Несериозност, разни работи овде се зборуваа, свесно. Знаете дека граѓаните не осудуваат. Дали мислите дека граѓаните ова се го следат. Вие мислите дека јас сум многу смешен. Јас не сум смешен, таков ми е говорот, да знаете. Јас сум граѓански човек. Од мојата страна, граѓаните излезете сите сега пратеници, да излеземе во центарот на градот, па да видеме кој ќе добие поголемо почитување, дали вие или јас ќе добијам како Амди Бајрам. Да знаете дека граѓаните мене ме поддржуваат. Тоа да го знаете сите. Немојте да мислите дека Амди Бајрам дојден е во Парламентот, па сега да се шегуваме, како што некој пратеник овде во Парламентот кажа Касандра. Касандра е за телевизија да се гледа секој во својот дом. Овде Касандра не сме ние пратениците. Ако ром станал

III/10

овде на говорница да говори и да си ги брани своите права за својата националност и некој да му каже Касандра. За мене тој е Касандра, тој е циган, а циганот што излегол на говорница, не е циган, тој е пратеник, тој е граѓанин во Република Македонија. Такво право му е дадено во Македонија и тоа е дадено со Устав. А, Касандра, за мене, беа тие што ме нарекоа минатиот пат кога излегов на говорница,

**АМДИ БАЈРАМ:** (Продолжение)

Јас им возвраќам сега, граѓаните да знаат што значи тоа. Касандра е тој циган што ја спомна Касандра, а Касандра не е циганот. Значи излегол циганот на говорница, ајде Касандра. Касандра таму на медиумите нека си ја гледа, ако ја обожава. Овде политички работи ќе решаваме. Но, без разлика што е тоа, јас сакав да кажам дека е лесно да ја решиме судбината на некои мали националности кои постојат, кои живеат во Македонија и сега да им пресудиме. Ако мислите така да ни пресудите, пресудете, ама ќе не носите на врат , сите. Зошто? Затоа што ќе не однесете кон една валкана вода, што не е потребно. Јас Ви кажувам дека трет национален блок ќе се создаде во Македонија. Јас сум тој што ќе го создаде, треба да сватите. Јас сум го дал овој аман-дман и јас ќе го подготвам тој трет национален блок, па како сакате наречете го. Ние нашето право мораме да го оствариме и да бидеме овде во Парламентот присутни и да можеме нашите права да си ги браниме, најнормално, како националности. Ова не е шега. Ова е сериозна работа. Се работи за повеќе националности, за граѓани кои живејат во Македонија затоа размислете.

Предлагам и друго. Сигурен сум дека Владата овој амандман не го дискутирала, не го разгледувала. Барам овој амандман, бидејќи голем тек доби и минатиот амандман и овој амандман, мојот, да се одземе за седум дена и на наредната седница нека заседава Владата и нека размисли дека постојат националности во Македонија. Не сме ние некои си кои не постоиме во Македонија и да се претопиме во други партии. Бидете сигурни дека нема да се претопиме. Реков, трет национален блок се создава во Македонија. присилени сме да го направиме тој трет национален блок.

IV/2.-

Некој зборуваше овде дека јас добро не говорам. Јас многу добро граѓански говорам, добро ме свакаат сите граѓани. Не е пожелно да дојде до тој трет национален блок. Размислете, еве, од мојот аман- дман, еве , за седум дена нека се одложи,нека заседава Владата нека решат, или сите комисии нека заседаваат, нека размислат околу овие работи за националностите и да го решиме овој проблем. Ова не е мал проблем. Јас уште многу пати ќе станам да зборувам. Затоа размислете добро пред ова да го изгласате. Многу, многу пресконференции ќе бидат против Република Македонија,против Владата, против претседателот на државата, против парламентот, со донесување на таква одлука. Верувајте голема расправа ќе се отвори во Македонија и верувајте, од тие прес- конференции може да дојде до обединување, да штрајкуваме сите пред Владата и пред Парламентот, што ни го ускративте правото. Сватете дека ова ќе добие голем тек. Тоа е голема работа, сериозна работа. Доколку ова не се реши, не е добра работа тоа. Размислите дека ние сме граѓани на Република Македонија, ние сме државјани на Република Македонија, кои живееме тука и кои не сакаме парчето леб да го дели- ме на шеснаесет страни.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

По втор пат се јавувам поттикнат од некои коментари кои беа искажани по однос на политичкиот живот во РМ и како би требало истиот да биде организиран.

Би сакал и јас, можеби да заклучиме дека нема потреба од функционирање односно постоење на политички партии на национален основ. Но, за истото тоа, прво би требало да се избришат големите разлики кои што постојат помеѓу политичките партии во република Македонија по основ на одредени прашања кои ги тангираат националните интереси. Додека имаме вакви изразени разлики, не

гледам дека има шанса за изумирање на политичките партии организирани на национална основа.

Што се однесува до тоа колку било кој закон ги тангира граѓаните и каков закон е најсоодветен на РМ, јас уште еднаш обрнувам внимание дека, колку што е практично, толку е и теоретско ова прашање за тоа каков изборен закон и изборен модел и треба на РМ, имајќи го предвид хетерогениот состав на населението во РМ. Мислам дека сериозно треба да се размисли и да се отргнат сите незадоволство кои може да ги предизвика овој закон. Затоа има можност, уште еднаш повторувам со воведуваше на одредени квоти. Но за да се поднесе таков амандман мислам дека пред се треба да се добие позитивен сигнал од страна на претставникот на Владата.

По однос на тоа колку националностите односно националните проблеми се третираат во одредени органи, конституирани како , дури и уставна категорија, како што беше спомнат тој тука , беше спомнат Советот за меѓунационални односи. За жал обрнувам внимание дека тој Совет до ден денес не ја игра улогата , не се гледа дека има реални законски и уставни ингеренции за да може да ја задоволи потребата од искажување на одредени ставови и мислења по однос на националните прашања и за жал единствениот начин да се искажуваат овие посебни интереси се Парламентот и претставувањето во овој дом.

И на крајот би сакал да кажам дека не може во овој степен на изграденост на односите, кога , мислам дека сите ќе се согласите, барем така мислиме и сме имале можности да слушаме дека влијанието на одредени, како што почитуваниот професор ги нарече племиња или интерес ни групи или национални групи, сепак е многу големо кога се знае дека одредени претпријатија, било јавни било поголеми, барем сме

слушнале така дека се организираат и по регионална и по локална припадност, на пример по галичанска основа, по битолчанска или штипјанска или незнам каква, не може да се оттргне влијанието односно впечатокот кој што го имаме сите ние припадници на одредени национални колективитети дека на некој начин сме исклучени од влијание по однос на одредени прашања. Само како случај да го спомнам присуството на албанците или на другите во јавните претпријатија, во јавната администрација каде што сепак овој национален клуч има голема улога и тоа влијае да бидеме исклучувани во одреден степен. Како најдрастичен сигурно е случајот со јавните претпријатија, одредени , кажувам,каде што , навистина, процентот на албанците е ист под тоа што може да се толерира. За тоа упатувам уште еднаш апел да се води сметка за ваквите барања, за на крај, нема да изумрат така лесно политичките партии. Јас би сакал да водиме тука политичка дебата по однос на так- сите, по однос на социјалната политика и други прашања, но за жал за таа реалност сеуште ќе почекаме додека ја доживееме.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани колеги, ме наведе на дискусија, дискусијата на уважениот професор за кој зборував пред некој ден овде и сеуште така мислам. Меѓутоа, интересна работа, меѓутоа ние во политиката не можеме да се разбереме што е тоа што сакаме да создадеме овде. Изгледа мислиме дека сме , ќе повторам само неколку зборови, изгледа дека мислиме оти се наоѓаме некаде во Канада, во Америка, во Германија, дека нашето образовно ниво е приближно исто , економското приближно исто и соодветно на тоа и политичкото ниво е приближно исто и

не е важно кој кого претставува, па две три партии и така натаму и тоа е тоа.

Мислам дека професорот заборава на едно претставување во Парламентот, автотоно претставување за состојбите . Да се биде пратеник од една средина каде што еден добар дел се небулозни, значи полни со незнаење, една средина каде што добар дел се рудиментирани, не заинтересирани за политиката, една средина, е да популација која што со децении не можеше да повлече една јасна црта, една дистинкција да направи што е ова што е она, е многу тешко. Нивниот избраник живее многу тешко , во многу тешки околности, многу е окупиран од нивните гајлиња, од нивните несреќи и верувајте ми, бидејќи сум нивни претставник, многу ми е тешко. Камо среќа да сум претставник на некоја друга популација односно од некоја партија каде што граѓани- те многу многу не ги интересира , па си го средиле животот, образованието, воспитанието и така натаму, како на пример кај Вас што е ситуацијата. Па сигурно, Фаик Абди не би излегувал овде да зборува и да се добие призвук на нешто што не е точно. Ќе наведам неколку примери. Јас по клуч не сум бил ниту во Пионерски дом "Карпош", по клуч не сум бил ни на акции, никаде, ниту во фабрика "Комун", како некој си раководител , по клуч, затоа што сум ром. Овде се зборува за квалитет. Зарем толку сме биле, да не речам ќори па не можевме да оцениме кој колку во текот на овие седум осум години овде зборува- ше не за националното прашање, за опстанокот, за создавањето на оваа држава, бес политизација. Политичката подготвеност и осзознавањето за својата општествена положба е многу битен фактор и елемент во животот на секој граѓанин. Па оттука ќе појдам. Ако се смета дека за овие седум осум години изградивме такво демократско општество и дојдовме до ситуација да

нема некоја поделба, тогаш да ја измениме прво преамбулата на Уставот на Република Македонија и да речеме дека оваа држава не е национална држава на македонскиот народ туку дека е таа, во преамбулата, на сите граѓани на Република Македонија, како што е впрочем и уставната дефиниција на државата, па да го измениме Законот за политички партии, да не се формираат политички партии со петстотини државјани не ќе имаме триесетпет-шест, ќе имаме сто партии овде, ако го поделиме цело граѓанство на 500-тотини , се знае што ќе добиеме. Таа елиминација што ќе придонесе, каков лик ќе и даде на Република Македонија во натамошното дејствување во Европа, при разни средби на Европа, да речам заедници и Европскиот Совет и Европската Унија, па разни невладини и непартиски организации за правата на поедини малцинства. Па ние Рамковна конвенција прифативме овде. Ако не ги признаваме сега, па што тоа значи. Нешто смрди. Но, во ред е, мнозинството така кажува и така нека биде. Меѓутоа дека нема квалитети, нека ми извини професорот и сите Вие, ако некој така тврди дека нема квалитети кои што можат да застанат на чело на тој народ само за да може да го заинтересираат, посебно во образовната сфера, во културната, во тој културен идентитет, во тоа шаренило од национална култура, бојата на носијата, темпераментот на игрите и така натака, одлика на еден народ, јазикот, јазична- та компонента и другите елементи. И ако се појде од една унификација дека може тоа да биде само во незнам која партија, само таму да се постигне, а не и да се окарактеризира дека се тоа национални партии или во најмала мера да се даде некој призвук на нешто што не треба да му се даде призвук, поаѓајќи од национален интерес, мислам дека се враќаме пак на едно старо правило во она време кое што е одминато.

IV/7.-

Тогаш , таму се велеше, внимавајте да не дојде до сипропорација односно да не дојде до национална и класна диференцијација, да не се оди кај националното, кај класното да се внимава, па сега вика- ме тоа националното постои меѓутоа како да нема квалитет таму, а ние го гледаме квалитетот овде. Иако сите овде, опростете ми на збор- от, излегувајќи овде на оваа јавна говорница и народот на Република македонија, граѓаните направат еден редослед на квалитети сигурно ќе бидеме различно оценети. сега зависи од кого ќе бидеме оценети. Дали ќе бидеме оценети од една средина коај што вика, од кал нека е, македонец да е. Опростете ми на зборовите. Или од кал нека е , ром нека е. Или, мојата кирајџика Ленче, да ми опростите, за никаде е она поцрна е од мене , но таа има поголеми права од мене заради тоа што тоа е национална држава на македонскиот народ. Знаете како звучи тоа. Многу непријатно. Многу е лошо. Но што е тоа е. Ако е православен по вера тој мора да биде македонец. Така се вика. меѓутоа, во Србија има два милиони роми кои се православни, меѓутоа пак роми се, но тоа е за нив за Србија. Ние да си ја гледаме Македонија.

Јас мислам дека не е за смеење она што го зборуваше мојот колега Амди Бајрам, тоа е тоа негово, но суштината мислам дека е многу битна, немојте да не терате без своја волја да мислиме поинаку, а изгледа така ќе мислиме. Па нашите борци порано викаа смртта е последна кога нема слобода. Се мисли, во овој случај ако не ми се дадат правата вака, ќе го направиме она што мораме да го направиме, заради тоа народ е во прашање, а помина тоа време кога луѓето не знаеја за кого. Помина тоа време ког апо телефон или на телевизија ќе дојде од Свети Николе, ќе бара, дајте кажете таму за тие и тие да се гласа. Мислам тоа време е поминато. Заради тоа што ние не сака-

ме тоа да го правиме односно Вие не сакате тоа да биде. Па нема да биде тоа. На крајот на краиштата што биде нека биде, не мора да има овде роми, а уште помалку им верувам на тие статистички податоци зошто еве ситуацијата ме натера да кажам, со писмо го известив прет-седателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров и прет-седателот на Владата на Република Македонија уште во 1994 година заради тоа што имавме една нелагодност кај нас.

V/1.- JM-ВБ

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Ние предложивме како ПЦЕР во 24 изборни единици Роми квалификувани високо образовани за пратеници. Колкава ни е изборната маса, избирачкото тело, тоа е тоа. Меѓутоа, им кажавме на нашите кога влегуваат тие што ги знаете дека се наши: само ставајте табланет 1,2,3,4 рецка 5 за претседателот Глигоров. Ние дадовме и се гордееме со тоа 57.026 гласови што од вкупните гласови што излегоа на гласаше изнесува процентот 4,07%, а за господинот Глигоров 7,98%. Ние се гордееме со овие гласови заради тоа што и сега да се појави господинот Глигоров како кандидат пак ние гласот ќе го дадеме за господинот Киро Глигоров, за други сигурно ќе размислиме, а за него без размислување. Па нека биде една поука ова што го кажувам, мислам дека сум јасен, но мислам дека вие се определивте како СДСМ поготово, нека биде така и дај боже така да го усвоиме, па нека биде што сака. Од образовно воспитен аспект дали е некој доктор на науки, или е незнам што, тоа би се видело во политиката, било на политички дуели, било на телевизија или пред народ и порано што е и сега што е и за европската ситуација. Меѓутоа вие знаете дека ние овде сме разговарале многу пати за економи- јата на Република Македонија. Па Република Македонија од аспект на економијата никој не зборувал за некој етнички аспект, туку за Република Македонија зборувал. Зарем не е тоа квалитет. Може ли неквалитет тоа да го каже, односно овие 7 години, 8 години.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, јас поднесов амандман кој што беше одбиен на минатата седница, а денеска гласањето беше легално извршено после обидот да минатиот пат тој амандман се одбие без оглед дали има кворум, или не. Добро, се одби. Расположението се гледа, климата се гледа. Нормално дека сега дискутираме за еден друг земено како амандман многу понепо-

V/ 2 . -

волен и кој што потешко можеме да го браниме. Добро е што и други колеги пратеници оценија дека рационалноста беше во амандман некаде прагот да биде 3% од многу причини искажани и минатата и на оваа седница, повеќе на минатата. Од прилика јас само ќе се обидам да кажам нешто што не е актуализирано, и на денешните дискусии не приморуваат да укажеме на нешто што не е заборавено, ако некој мисли дека толку лесно забораваме.

Прашањето на цензус од 3% не е занемарлива бројка, не е тоа ниту племе, ниту стадо, се работи за бројка помеѓу 50,па дури и 70 илјади гласови зависно од одѕивот на избирачите. Префрлувањето на топката на она што значи повеќепартиски парламент со застапеност на сите политички субјекти кои што ќе го поминат тој праг денеска се актуелизира и се обидува да се сврти во една насока што најмалку ни треба. Добри се дискусиите дека за некого е навредливо и тука да внесуваме одредени квоти и клучови кога веќе се заборавени, или сакаме да ги заборавиме. Меѓутоа, ако некој денеска овде широкоградо понуди во прегратките на својата партија масовно претопување на други политички субјекти, јас ќе ве потсетам дами и господа дека овој парламентарен состав кога ја верификуваше првата влада во овој состав јас имав забелешка зошто во таа влада се вклучија министри од ПДП за кои што имав свој критичен став за нивното двојно однесување и поставив едно вакво прашање директно: зошто СДСМ во таа влада не предложи свои членови кои што ги има во СДСМ кои што се квалитетни и за кои што можеби бев неправичен што ги именував поединечно како можни квалитетни министри. Проценка беше на коалициониот партнер да направи една таква конструкција. Тогаш се прашувам каде исчезна единствениот министер по националност Турчин господинот  Гунер Исмаил? Ако е тоа модел и од националностите да имаме во тие крупни политички групации. Ниту едното, ниту другото, ниту може да биде третото да сите сега ние се натпреваруваме кој побрзо ќе

V/3.-

се интегрира во СДСМ за да добие не- каква позиција. Една констатација е дами и господа, морам да ве проз- вам од СДСМ затоа што вие го сочинувате парламентарното мнозинство и она што значи прифаќање на амандман, или не, вие имате нервоза и вие сте заплашени од исходот на есенските избори. Затоа вие одредувате ваков висок праг дами и господа,но тој праг ќе биде бумеранг за вас, затоа што ниту една од овие групации кои што немаат шанси да освојат 5% нема да се приклучи кон вашата партија. Вие самите си правите штетни потези кои што ќе ги почувствувате понатаму. Со самото ова вие ризикувате да на овие парламентарни избори имаме апстиненција на голем број на граѓани кои што во оваа математика и во географијата која што ќе следи не гледаат шанса за еден рамноправен политички натпревар, а изборите се политички натпревар. Дами и господо, не постојат големи и мали, постои натпревар полн со можни изненадувања. Впрочем жалам што тука не е претседателот Тито Петковски и јас да му честитам за успешно обавената мисија и за енергичната битка во рамките на тој светски аудиториум се афирмира една мала земја,меѓу најмалите, со многу мало население, но со желба дека преку афирмација на одредени вредности, традиции и спремност да се вклучиме во тие современи токови бараме рамноправно место во светот. Никаде не се вели таму некој има поинакво, или подруго место. Сега ние тоа го преферираме во светски рамки како глобална стратегија тука сакаме на еден многу подол ќе речам, многу мизерен ќе извините начин да изолираме се што сметаме дека утре може да ни ги помрси сметките. Не оди тоа така. Мора да имаме еднакви односи ва сите релации. Се следат овие седници. Ако ние сме полни за демократија, ако ние сме полни во устите дека сме спремни да почитуваме демократски опции, алтернативи и идеи мораме да дадеме шанса и на руги политички субјекти да се изборат. Зошто не ги споменуваме моделите дека по Донтовиот модел дури и нема прагови, затоа што самиот Донтов модел е многу привилегиран за големите партии. Тој во старт ги привилегира.

V/4.-

Меѓутоа, една бројка, еден праг од 3% сметам дека повторно треба да наметне да преовладее совеста, да преовладее разумот, да преовладее дека со законот пред се мораме да обезбедиме што поголем број на граѓани да излезат на изборите, а не да ги оддалечуваме од избирачките и гласачки места. На овој начин тоа го правиме со тоа што постои една огромна разлика помеѓу избраниот кандидат по мнозински модел каде што навистина треба да постои една концентрација на едногласно избирачко тело. Таквото нешто се разбира дека има сосема други правила на игра. Кои се тие правила на игра ?

Јас сум пратеник од изборната единица 75 каде што живеат најголем број Роми во Тетово. Јас сум единствен пратеник и нивни пратеник сум и тие гласале за мене по мнозински модел и гласаа , затоа што јас се спротивставив и заедно со други субјекти да тие стари граѓани на Тетово не ги гетоизираме во Речица да ги дислоцираме, останаа во центарот на Тетово каде што се родени и каде што секогаш живееле. Јас се спротивставив кога се пробиваше тој булевар важен во Тетово една артерија тие Роми да бидат жртва на некои дивоградби и сл. И нормално дека тие ќе го дадат гласот за тој кој што го избрале и кој што живее со нив заедно. Јас се гледам со нив секоја вечер, со еден дел од нив. Но, во пропорционалниот модел нормално е да тие граѓани го дадат гласот за претставникот на политичката партија на која што нормално е да припаѓаат барем сеуште. Според тоа немојте сите овие граѓани да ги обесхрабриме да воопшто не излезат на изборите и да бидеме судрени со револт и реакции кои што не ни требаат во моментот кога имаме поважни работи за разрешување. Ние тука минатиот викенд всушност во четвртокот дозволивме да претставуваме еден театар и циркус во услови кога во нашето соседство се случуваат важни настани. За оние кои што не се информирани синоќа во Тетово експлодира бомба во доцните вечерни часови подметната во Управата за внатрешни работи. Тоа се прашања

на кои што треба да обрнеме внимание, треба да ги заложиме сите сили затоа што ниту еден актер од овие подметнувачи во Македонија не е пронајден освен оние полупијан: Македонци во Тетово кои што истата вечер беа притворени. И ние сега сакаме да одиме чекор напред, но десет чекори назад. Дами и господо, Владата нека изнајде начин и модус ако треба на СДСМ нека му шепне да предложи нов амандман со 3% да биде прагот и практично да побрзаме со донесувањето на овој закон за да се посветиме на уште поважниот закон за избор на пратеници по мнозинскиот модел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван господин министер, јас намерно излегов пред Вас за да вие го кажете последното, сепак мислам дека подобро е така.

Припремите за донесуваше на овој закон мислам дека гледа- но од мој агол одеа така да законот требаше да претставува збир од една страна на желбите, а до друга страна и можностите за што за доне-сување на закон кој што ќе биде најдемократски. ВО дискусијата по амандманот, а и по претходниот амандман на г-динот Хасипи се поведе доста расправа по однос на тоа како треба да изгледа. овој член и по однос на она што треба да направиме за тоа да обезбедиме сепак заста-пеност во Парламентот на сите националности . Имаше и залагања во дискусијата за тоа сепак застапувањето на националностите да биде преку поголемите партии. Добро е залагањето тоа така да биде, меѓу-тоа условите во кои што живееме ние како општество, сепак сеуште

не дозволуваат тоа така да биде можно остварливо. За мене иднината на нашето општество е граѓанското општество, меѓутоа ние како што работиме и како се однесуваме во поедини моменти, сепак не овозможува такво нешто. И од тие причини сепак мислам дека кога станува збор за прифаќаше на амандманот можеби решението лежи во иако сепак не толку популарни, сепак можеби во квотите. И во тој смисол мислам дека Владата треба да го даде последниот збор. Можеби е добро во однос на ова прашање да оставиме еден временски да кажам условно теснец, не широк простор, сепак на крајот да го слушнеме и мислењето на Владата по однос на ова прашање. Мислам дека е многу битно прашање сепак во Парламентот да бидат присутни сите националностиДоколку такво нешто се оствари, јас мислам дека тоа ќе биде едно од најдобрите добра, една голема можност за истакнување на она со што можеби по мене така речено се краси Македонија. Сепак, застапувањето на сите националности во Парламентот ќе биде едно големото богатство. Јас сум свесен дека ние како во овој со- став на Парламентот, така и во минатиот состав настојувавме по одредени прашања да бидеме единствени иако морам да кажам дека не успеавме да бидеме единствени кога беа поедини прашања сепак не успеавме да донесеме одлуки кои што беа донесувани со консензус. Заправо посебно е прашањето кога беа во прашање, кога се расправаше за поедини прашања за кои се залагаа националностите. Мислам дека такви проблеми има доста. Јас доаѓам од едно такво подрачје каде што има такви проблеми, да не кажам за мојата националност, меѓутоа има проблеми заправо за турската националност. И ден денес прашањето на образувањето на оние кои што сакаа да учат на својот мајчин јазик, почнуваат воедно и да го завршат до тој степен до кој е можен на својот мајчин јазик, не е можно. Вчера имав една средба со некои претставници од таа националност, се работи за турската националност кои што еве, поминаа неколку години за жал и сеуште децата не можат да учат на

нивниот мајчин јазик. Заправо ова беше и причина што станав тука да кажам, да се залагам за поддршка сепак квотите иако не се популарни нешто мора да чиниме на тој план. Не се водам од аспект на тоа да треба квота да дадеме за малите по- литички партии. Малите политички партии се друго прашаше, а друго е прашањето на застапеноста на националностите. Процентите се малку тешки, можеби е тешко остварливо, можеби ќе дојде и до одредени проб- леми кои што заправо ќе значат исполнување на тие проценти.

Она што г-динот Никола Поповски зборуваше по однос на таа бројка 2,86, или 3, мислам дека е во право кога зборува математич- ки ќе наидуваме на потешкотии и една таква работа мислам дека единствено е можно да се надмине само со проблемот на квотите. Со Уставот на Репуб ликата иако ние во овој закон тоа мислам се определуваме за одреден број, но во Уставот е речено дека Собранието на РМ може да има од 120 до 140 пратеници. Можност ако сакаме да изнајдеме решение ни постои бидејќи да го задржиме концептот 85-35 истовремено може и да го почитуваме и Уставот. Значи да додадеме некоја квота таму како што ќе се определи и повторно прашањето ќе биде во ред.

Уште нешто да кажам. Господинот Томислав Стојановски по обичај секогаш нас не споменува Албанците, незнам дали сме му трн во око, незнам жално би било кога би сме му биле трн во око, меѓутоа едно треба да му е јасно,дека во Владата на Република Македонија додека постои Република Македонија каква што е денеска секогаш ќе има Албанци, секогаш ќе има Албанци, меѓутоа од албанските партии, а не онака како што сака тој. Тој може да си направи кога ќе добие, меѓу- тоа тешко дека ќе освои 3%.

VI1 СП/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас воопшто не спомнав такво нешто г-дине Ајдерага да нема албанци во Владата, јас на една теза што се пласира тука само потсетив на една апсурдност дека тие тези се денеска депласирани и теоретски, точно во корелација на она што вие го тврдите. Јас воопшто не реков во Владата да нема албанци или јас да избирам албанци. Точно јас реков дека ако е СДСМ сам прави Влада, тогаш има и во таа партија доволно квалитетни кадри албанци, што е добро, и не е никаков грев ниту ерес тие да членуваат во таа партија, во други партии и да бидат министри. Спрема тоа, мислам ништо лошо,само да потсетам дека таа пракса беше поинаква, сигурно дека СДСМ си проценил дека му требаат пратеници за да таа коалиција биде поцврста, а да ве потсетам дека ова се случуваше кога тука беше моќниот сојуз . Моќниот сојуз беше во Парламентот, функционираше и тој предлагаше Влада која можеше да не зависи од некои други субјекти. Но, што е тоа е, мислам дека не треба да се импутираат такви ставови, да се вулгализираат и дури да се внесува немир во јавноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Мислам дека има стенограм за тоа што рече господинот и нетреба да повторуваме. Господине Стојановски убаво знаеш и тоа многу убаво што рече на оваа говорница. Рече дека треба да има албанци од СДС. Јас немам ништо против, меѓутоа, јас ви одговорив дека ќе има албанци од албанските партии не заради тоа што јас сакам г-дине Стојановски нити затоа што вие сакате г-дине Стојановски. Ќе има затоа што не е можно поинаку да се претстави Македонија ако се носиме со идеи каков

што сум јас или како што сте вие, а повеќе вие него јас, тогаш не ќе биде можно да се остане во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не би сакал да го повторувам тоа што го кажав минатиот пат затоа што се работи за ист член, за ист проблем само се бара друг процент. Меѓутоа, ме поттикнаа многу дискутанти со кои исто така несакам да реплицирам, не ми е намерата и многу се правиме космополити. Јас овој амандман го прифаќам и ќе гласам и мнозинството во овој Парламент владеачката партија на СДС, па и Владата како предлагач на овој законски проект работи против себе. Штом не се прифаќа овој амандман прагот да биде помал , се знае дека им се оневозможува на помалите партии, немора да бидат национални од овие 35 колку се регистрирани во РМ и на помалите национални колективитети како што се турците, ромите, бошњаците, србите, па и власите и тука беше најавено денеска дека ќе се групираат. Од таа групација нема да има таа е на власт , условно речено, оваа Партија и понатаму затоа што навистина ќе создаде трет блок, јас би рекол друг блок само појак. Ако сега се блокираме на тој начин и се групираме и ако случајно не се прифати овој амандман што значи дека околу 50 илјади гласачи можат да губат едно пратеничко место , а се знае дека спрема изборните единици во зависност како ќе биде конечната верзија, случајно може еден ром да биде по мнозинскиот систем, а турчин, ви гарантирам, веќе ни еден. За овој мандат, како што знаете имавме двајца роми и еден турчин. Денеска се пронунцираат сами дека се на левата страна, дека се со владеачката партија. Како такви јас не ги поддржувам ниту нивните амандмани, туку ја поддржувам нивната

припадност, тие национални колективитети кога се чувствувам јас како припадник на албанската националносто условно речено значи дека се чувствувам загрозен , јас сочувствувам со нив да ги поддржувам затоа што се во уште потешка состојба. Жал ми е што немам време да се бавам со тие работи затоа што има наши проблеми. Меѓутоа, со таква групација што ќе биде ако не се прифати конечно овој амандман или сличниот што беше пред него, можеби има уште некој сличен , значи по овој принцип ако се прифати вака пропорционалниот мора да направат некоја коали- ција сакале или не инаку отидоа нивните гласови. Ако има само 49:99% за 0,1% оди . Ако има 50% плус 1 глас добива. Мојата партија најмалку треба да добие пет пратеници спрема овој принцип до 10 во зависност колку гласачи ќе излезат да гласаат, колку се запишани, колку се во странство, колку доаѓаат, но изјавувам и тоа ќе ви се врати како бумеранг. Овие помали партии било да се македонски или од овие националитети слободно ќе се групираат да направат не блок од двајца, трој ца пратеници, туку уште поголем и јас им ветувам тука и на турците и на ромите, србите, бошњаците, власите и другите и најверојатно ќе биде така затоа што листата која јас ќе ја поддржам ќе има нормално 35 кандидати во листата на кандидати. Ние добиваме пет до десет под услов да ги добие мојата партија, а најверојатно ќе биде во коалиција сите албанци овој пат, најверојатно ќе се опаметат заедно со мене значи 11-от може да биде слободно ром, турчин и тн, а може да биде и на петто и на шесто место во зависност колку гласачи ќе има макар да бидат моите понапред нема јас да ги оштетам на таков начин. Ќе се знае кој каде гласал.

Затоа, јас гласам за овој амандман , го поддржувам, но мило ми е вие да не гласате, да не го поддржувате затоа што ви се враќа како бумеранг и вие губите, а јас и мојата партија и мојата припадност добиваме и те како макар двајца или тројца пратеници.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Дали можеме да гласаме?

(во салата нема доволен број пратеници.)

Расправата ја заклучивме. Претресот е завршен, јас го заклучив претресот.

Кој е за предложениот амандман, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Деловничка интервенција за г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Барам поддршка од 10 пратеници и барам поединечно гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немате поддршка од 10 пратеници.

Гласаа само четворица пратеници, според тоа предлогот неможе да се усвои.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 1 алинеја 1 и за бришење на став 7 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драга Георгиев, Љупчо Бличев, Душан Данев, Бранирод Михај- лвоски, Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се прави редакциска поправка , амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 99 став 1 за додавање нова алинеја , поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предлага одземање на мандатот до колку пратеникот отсуствува повеќе од шест месеци од работата на Собранието, бидејќи е тоа регулирано со Уставот, не мора да биде внесено во законот.

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Стојановски го повлекува амандманот.

Пратениците Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски го повлекоа амандманот на член 99 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5, поднесен на 12 мај 1998 година.

Отворам претрес по амандманот на член 99 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5, поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се бара да му биде одземен мандатот на пратеникот ако ја смени својата политичка припадност.

Амандманот не се прифаќа, но ќе се прифати амандман во оваа смисла што се однесува само на пратениците што ќе бидат избрани од партиската листа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Фаик Абди го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 став 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам , кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 0 став 1, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се бара подносителот на листата да може слободно да го бира редоследот на избраните пратеници на Парламентот и тоа би било спротивно од избирачката волја. Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине министре не сме се разбрале, волјата избирачот ја искажува со заокружување на листа на кандидати, на партиска листа Мојата интервенција во амандманот е во случај на одземање на мандат согласно еден или една од одредбите во членот 99 да не биде автоматско пополнување со следниот кандидат на листата, туку со било кој кандидат од листата што е предложена и што е верифицирана. Со ова елиминираме и партиска нелојалност и откажување и пребегнување од партија во партија и зошто да не дадеме можност на подносителот на лситата следното пополнување да го направи со еден од кандидатите кои веќе се на таа листа. Практично избирачите гласаат за листа, а подносителот го прави тој редослед. Меѓуота, тој редослед објективно може да се промени во текот на работата на Парламентот, од низа причини, па зошто да не дадеме шанса, подносителот на листата да пополни со поквалитетно решение што смета дека е во интерес на предлагачот, а овде е партијата , нема што. Мислам дека елиминираме многу претходни уцени, потпишување на бланко, откажување и сл. Тогаш нема потреба од такви работи кои не се својствени на демократијата. Секој ќе го има тоа во предвид и практично се остава една ширина на подносителот на листата практично пополнувањето го врши по свој вкус.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 8 став 3 и 7 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 113 став 1 алинеја 1 и 4, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И ова е уточнување на текстот. Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претерс по амандманот за бришење на член 114, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

VII/1 ЛП/МП

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повлечен е овој амандман.

Исто и наредниот?

Отворам претрес по амандманот на член 115, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 116, став 1 за бришење на алинеа 1, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

И овој амандман се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 116, став 1, алинеа 2, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Дали останувате на овој амандман г-дине Каров?

Сите се повлечени.

Повлечени се и амандманот на член 117 и на член 117 за додавање на нов став од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 120, поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Пет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 120 за додавање нов став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи е беспредметен, бидејќи не се прифати претходниот амандман за авансирано финансирање на кампањата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Дали го повлекувате амандманот? (Да)

Благодарам.

Во меѓувреме пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 2, на член 5 став 1 за бришење на алинеа 3, член 15 став 3, член 16

став 3 и 4, член 27 став 1 алинеа 2, 4 и 13, член 31 став 1 и 2, член 36 став 2, член 81 став 1 и за бришење на ставовите 2, 3, 4 и 5, за додавање нов член 81 -а, член 94 став 6 и на член 100 став 1 и на член 101 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски, поднесоа амандман на член 99 став 1, за додавање нова алинеа 6 по алинеата 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Мерсел Билали поднесе амандман на член 47 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Славчо Чапов, Кире Видимче, Петар Талимуиоски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Панчо Минов поднесеа амандмани на член 6 став 5, член 7 став 2, член 17 став 2 и 3, член 26 став 1, 3 и 4 член 27 точка 9, 10, 11 и 14 и за бришење на точка 16, член 28 став 1 точка 7, член 102 за додавање на нов став 2 по став 1 и на член 108 став 7, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 31 за додавање нов став 3 по став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Илија Каров, Љупчо Мешков и Владимир Соколовски, поднесоа амандман на член 2 став 3 и за додавање нов став 4 по став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Драган Георгиев и Љупчо Мешков поднесоа амандаман на член 57 став 3 и член 60 став 5, по кои Владата не се произнела.

VII/4.-

Пратениците Александар Гештаковски, Санде Џамбазовски и Илија Гоцевски поднесоа амандман за менување на член 120, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандман на член 13 став 4 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Гоцевски поднесе амандман на член 88 за менување на став 3 и за менување на член 90, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илија Гоцевски, Санде Џамбазовски, Живко Јанкуловски и Славко Котевски поднесоа амандмани на член 14 став 1 и 3, член 92 за менување на став 1 и на член 93 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандман на член 27 став 1 алинеа 7, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Кире Видимче и Николина Трајановска, поднесоа амандман на член 2 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 38 за додавање нов став 5 по став 4, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Силјановски, Љупчо Беличев, Душан Данев и Димитрија Вревезовски поднесоа амандмани на член 22, член 113 став 1 за менување алинеа 2 и за додавање нов член 113 -а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Туше Гошев поднесе амандман на член 99 став 1 за додавање нова алинеа 6 по апинеата 5 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Кире Видимче, Илија Каров и Славчо Чапов поднесоа амандман на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски поднесоа амандман на член 36 за додавање нов став 3 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман на член 94 за додавање нов став по ставот 5, по кој Владата не се произнела.

Предпагам пауза за ручек до 16,00 часот.

(Пауза од 15,00 до 16,25 часот).

Да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Сапи Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Ѓорѓи Спасов:

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи со него се предпага промена на целокупната концепција на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Затоа го предлагам овој амандман, да се измени севкупната концепција на законот, а тоа покажува и докажува колку амандмани досега се претставени. Имано, околу 150 амандмани од кои се прифатени нешто повеќе од 40, повеќе од 80 амандмани не се прифатени, има некои неприфатени па повлечени, некои формално

повлечени. Како што кажав и за време на расправата, тоа се докажува и на дело дека овој проект на закон е многу слаб, многу лош. Да беше добар и совршен, немаше да има толку амандмани, па да беа и прифатени, а прифатени амандмани се во поголем дел од соодветната комисија, од самата Влада, од истата владеачка партија. Тоа значи дека во овој парламент разговарате сами со себе, ако не е и договорено тоа, значи нешто да се каже.

Меѓутоа, јас како опозиција и тоа вистинска опозиција, нормално, имам други видувања и законот е катастрофапно лош, без разлика на тоа кој какво мислење дал, па било тоа и од експерти од странство.

Во досегашната амандманска расправа, иако имаше и исти амандмани, а тоа се многу малку, само амандман на членот 36, за исти членови, за исто интервенирање, било да се прифатени или не, јас имам поинакви видувања и не ги повлекував, дури и да беа прифатени некои слични или исти, туку ги бранам и барам да се прифатат или усвојат моите. Уште повеќе, кога се прифатени истите, што е мал случај, од иста материја, тоа е коинцидентно. Јас сум ги составил уште во втората половина на април месец, веднаш по пристигнувањето на Предлог законот односно пред подготовката за општа расправа, значи, нема врска со амандманите кои се пред моите амандмани поднесени односно поставени. Од овие причини, и за прифатените туѓи амандмани не дозволувам да се изјавувам дека не се прифаќа, бидејќи истите или истиот се веќе прифатени од Комисијата или од друг подносител

пратеник, туку да се изјавува дека исто така се прифаќа како што е веќе прифатен претходниот од истиот случај, тоест барам да се констатира тука како коприфатен, значи заеднички, а не како што се случуваше многу пати досега. Инаку, има пет шест мои амандмани прифатени на одреден начин, иако повеќе од техничка, граматичка и лингвистичка природа, а некои дека се прифатени од соодветна комисија, па не се кажува дословно дека се прифаќа во исто време и мојот амандман, односно моите амандмани. Нагласувам, во спротивно останувам при моите амандмани и барам да се гласа и не ги повлекувам.

Да кажам за овој амандман конкретно. Имено, според членот 62 став 1 од Уставот на Република Македонија, цитирам, " Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници", тоа значи дека со оваа амандманска интервенција предлагам крајната предвидена и дозволена граница со Уставот да се измени. Свесен сум дека со ова се оптоварува уште повеќе Буџетот на Република Македонија, и така недоволен или погрешно оптоварен и злоупотребен како што се знае. Ова не се предлага ни затоа што повеќе пати недостасува кворум на седниците за нормална работа, кога се одлагаат безброј седници и тоа чини уште поскапо, туку во прв ред се предлага да се зголеми бројот на пратениците, за да се чува балансот на граѓаните, како и рамноправноста на сите национални колективитети, за кои беше збор за време на амандманската расправа, па да биде бројот на пратениците еквивалентен, ако не уште дефакто колку е нивниот национапен просек и состав, барем де јуре, како што е признат екс офисио за време на последниот попис на жителите од 1994 година, нормално, со природниот прираст и за овие четири - пет години, како што е признатата стапка, а

тоа значи ако уште не се признае бројката на Исламската верска заедница од 55%, поранешната на првата и најмасовната партија на Албанците, тогаш на ПДП од четириесет, односно сегашната на сите партии на албанците од 1/3 односно 33,33%, тогаш сега минимумот е околу 30% и оваа бројка односно процент за време на идните избори мора да се признае и службено, а тоа значи и од Државната изборна комисија.

Во членот 2 став 2, ние предлагаме да се брише мнозинскиот принцип и истиот да се замени со граѓанскиот принцип, од причини што е многу подемократски, поправилен, пообјективен без мајоризирање, без злоупотреба и во парламентот доаѓаат поспособни, поквалитетни, поверификувани кадри, т.е. кога ги предпагаат сами граѓаните директно на нивните собири на избирачи, како што беше случајот со законот кој важеше на пример за време на изборите од 1969 година, кој дел на соодветен и терминолошки начин со новиот Устав може да се препишува дури и во целина. А вака со предлагање на кандидати од страна на сегашните политички партии кои не само скоро ниедна не направи ништо за Македонија за овие години, туку предпага кадри со субјективно однесување на своите челници, кои не се најквалитетни дури ни во редовите на својата партија. Тоа е објективно речено.

Предпагаме, исто така, да се замени пропорционалниот принцип со национапниот принцип, што верувам дека е новаторство, од причини што со ова се исправа националната застапеност, било да е тоа минимумот што е засега признат, придонесува за стабилна и авторитативна Македонија, додека исто така доаѓаат, поквапитетни кадри, исто така

предложени од страна на граѓаните, а не на субјективен начин од страна на тесните раководства, нагласувам тесните раководства на партиите кои се предлагаат себе, а не е тешко да се основа партија со 500 изјави на избирачи.

Предлагаме составот да биде 70, 70 пратеници за двата овие предложени принципи и поради балансирање на сите од граѓанска и национална гледна точка, за успешна соработка и консензус на овие принципи, односно две групации на пратеници. Со тоа ќе имаме 70 изборни единици, а не 85, со по еден кандидат за пратеник и една заедничка листа на кандидати, по еден од секоја изборна единица, но резултатите на оваа последната треба да се пресметаат и изедначуваат според националната припадност, односно со исправка на изгубеното со граѓанскиот принцип, без разлика на гласовите кои ги добил одделен кандидат со предност на првите од соодветната национална припадност. Само на овој начин ќе имаме, се на се, околу 80 пратеници Македонци, околлу 40 пратеници Албанци и околу 20 пратеници Турци, Роми, Срби, Власи, Бугари итн. Навистина ќе доликуваше на еден прав плуралистички парламент, демократски и рамноправен парламент. Додека во Предлогот за донесување на овој законски проект беше предвидено дека, цитирам, "во изборните единици бројот на избирачите во принцип може да отстапува од минус 15 до плус 15% во однос на просечниот број на избирачите во изборните единици", сега тој проект се предпага да се намали на минус или плус 10%, некои предлагаат плус минус 5%, додека јас само минус плус 1% и тоа под услов никако да нема манипулирање и маневрирање и тоа да не биде на штета на Албанците, како што имавме безброј случаи и за време на минатите парламентарни

избори, почнувајќи од Струга и Крчова - Кичево, преку Гостивар и Тетово до Шкуп - Скопје, Куманово итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? Деловничка интервенција на господинот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, деловнички интервенирам затоа што во отсуство на донесување на новиот деловник, ни се случува еве во првото продолжение на расправата по Предлогот за донесување на законот за пратеници, на крајот од амандманската расправа да ни се јави случај на уште 40 амандмани од еден пратеник и со образложение на беседа кое е од половина час. Предлогот ми е во следното.

Согласно постојниот деловник, Собранието може да одлучи да се ограничи расправата, и во таа смисла предлагам амандманската расправа да трае најмногу 2 минути од пратеник. Со тоа ќе бидеме поштедени и ние како пратеници, а и граѓаните да слушаат вакви памфлети кои се против уставни и во најмала рака непријателски за Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Сали Рамадани.

И јас исто се придружувам кон препораката да бидеме покуси.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ете, гледате, од ист пратеник без мандат повторно иста игра и прв пат значи, за образложение на амандман едино во овој парламент му се ограничува времето на правиот пратеник Сали Рамадани - Крчова. Тоа е прво.

Второ, тие памфлети, игри, маневрисања, глупости на страна и ќе се видиме на идните парламентарни избори, кој е кој, што е што.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Станковски деловнички.

**ВЛАДИМИР СТАНКМОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, почитуван министре.

Веќе подолго време се провлекува на оваа говорница, се изговараат имиња на топоними, на градови кои не приличат со погрешни имиња.

Сега беше спомнат градот Кичево со топонимот или називот Крчова. Мислам дека во последно време, дали е тоа систем или не, ние треба да заклучиме, јавноста веќе е запознаена, дека се користи секоја можност да се така, под жито, а некаде и јавно промовираат некои нови имиња.

Ова не е забелешка до претседателот, бидејќи така тоа перфид- но се подметнува во говорот на г-динот пратеник, јас мислам дека со ова треба да се прекине и оваа перфидна игра да се прекине.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова не е реплика. (Му се обраќа на пратеникот Сали Рамадани кој се упатува кон говорницата)

Ова не е реплика г-дине Сали Рамадани.

VIII/2.-

Ова не е реплика!?

Мене ме спомна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За вас е реплика, повелете.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Значи, претходниот пратеник за цело време зборува за мојата дискусија и тоа не е реплика?!

Го спомнува името на мојот град и на албански и на македонски тоа не е реплика?!

Еве една кратка лекција, г-дине Станковски.

Прво, во најголемите енциклопедии ќе читате дека градот Ускана уште во трета деција во нашата ера, миление, се вика Ускн, тој бил главен град з а 14 градови во Западна Македонија и тоа на старото племе односно кралевско Илиропенестија. Тоа е прво.

Второ име, да не должам, кога е прво, второ е Крчова. Мојот надимак каде сум бил во неколку книги е Сали Рамадани - Крчова и

второ, кога го имавме тука Законот за територијална ПОЈШМ»- јас имав околу 20 амандмани. 10 за цела Македонија 7-8 за Крчова Кичево и Дебар. Јас тоа го предложив, тие амандани ги прифатија избирачите албанците ги прифатив и јас. Затоа, тоа име на мојот град. За вас е доволно тоа што сепак го спомнува и на македонски. Значи, кога читам Крчова, Кичево и другото го оставам на вас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам, се залагате за ефикасна работа на парламентот а меѓусебно се провоцирате.

Пак ќе му дадете шанса на г-дин Сали Рамадани пак да ви држи предавања, ве молам.

VIII/3.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас никому не се обраќам директно, само сакам да укажам на тоа, дека се додека е оваа држава и овој Устав имињата на градовите во Македонија ќе бидат такви какви што се. Кога ќе се промени Уставот, тогаш може и да се изменат некои работи што се битни за оваа држава. Тогаш, може би може. меѓутоа сега со овој Устав, со овие имиња на градови, тоа е тоа. И, никој не може да ги измени тие имиња на градови без согласност на овој парламент и без промена на Уставот. Тоа сакав да го кажам.

(Повеќе пратеници реагираат и бараат збор.)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

не давам никому збор ако не е за амандманот. За ова дискуси нема.

(Пратнеици бараат збор околу оваа дискусија).

Само за амандманот. За Уставот кога ќе дојде на дневен ред, следната седница.

(Пратеникот Сали Рамадани застанува на говорница со желба да говори).

Кој вам ви даде збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Народот, бирачите,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па како, ајде ве молам таму.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Само еден збор. Не, немој да излегуваш.

(Реакција во салата, некои пратеници, стануваат, некои негодуваат гласно).

VIII/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како, ајде ве молам?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Додека ќе постојат албанците и албанскиот јазик ќе бидат и градовите на албански јазик. Така да знаете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата ве молам. (Бурна реакција од страна на пратениците)

Ве молам, немојте да наседнувате на провокации, па тоа е целта.

Кој е за предложениот амандман молам да крене рака?

1 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ , Кире Видимче и Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г- дин Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бар азбор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усови амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратениците, Зоран Шапури Илија Каров, Љупло Мешков и Владимир Соколовски.

го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ѓорѓи Спасов.

VIII/5.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Ова е амандман со кој што на предлог на предлагачите се брише од амандманот зборот "принцип" и се додава нов став кој гласи:

"Доколку по донесувањето на законот за изборните единици се зголеми односно намали бројот на избирачите во одделна изборна единица, изборните единици нема да се менуваат до донесувањето на новиот закон за изборни единици".

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за бришење на алинеја 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во зависност од амандманот, од членот, према потребата толку и должината. Некаде подолг текст, некаде пократок.

Значи, сем тоа што е кажано во краткото образложение на овој амандман, дека не би требало никако да се скрати бирачкото право на лица кои се наоѓаат на издржување казна затвор за сторено кривично дело, дека тоа е антиуставно, да се санкционира на овој начин, во овој предлог-закон треба да се додаде уште ова, во членот 9, став 2 од Уставот на Република Македонија се вели таксативно: "Граѓаните пред Уставот и законот се еднакви". Тоа значи дека секој граѓанин треба да има и бирачко право, значи пасивно. Многу осудени лица уште утредента, после изборите ќе ја издржуваат казната или по други основи

ќе бидат ослободени од понатамошно издржување на казната, а четири години ке се чувствуваат понижени во однос на другите граѓани затоа што не гласале за нивните претставници, а може би подобро што не гласале, во највисокиот законодавен дом.

Од друга пак страна, во членот 22 став 3 од Уставот на Република Македонија им се забранува бирачкото право на една категорија граѓани т.е. на оние на кои им е одземена деловната способност, а дословно "избирачко право немаат лица на кои им е одземена деловната способност", во која категорија не можат да се сврстат осудените лица. Бидејќи тие се само ограничени да работат за себе додека не и за општеството, бирачкото право не само што не го ограничува туку и го овозможува и членот 23 од Уставот "Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции". Дури на притворените лица кои наскоро ќе можат да ја обавуваат пратеничката функција треба да им се овозможи да се кандидираат за пратеници, а посебно во листата на кандидати, според мене, според пропорционален принцип.

Ако случајно не се прифати првиот, само што притвореникот, односно осуденикот не може да организира редовна изборна кампања, што оди на негова штета. Ако случајно не може да го обавува активното избирачко праов, т.е. да не биде предложен за пасивното не треба да има никаква дилема дека треба да му се овозможува, бидејќи затворите се во Република М акедонија и може дури таму да има избирачки одобори, како и во секоја друга населба однодно избирачко место.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (2пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 6 став 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станковски, Слободан Даневски и Славчо Чапов, Кире Видимче, Петар Талимџиоски, Љупчо Мешков, Панчо Минов и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 поднесен од пратенците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Славко Чапов, Кире Видимче, Петар Талилмџиоски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 4 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека амандманот не се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1 и 3 под- несен од пратениците Илија Гоцевски, Сандре Џамбазовски, Живко Јанкукловски и Славко Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

VIII/9.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Освен тоа што е речено, исто така во краткото образложение, дека државната изборна комисија не би требала да ги именува членовите на изборните комисии, бидејќи таа не ги познава таквите кадри во цела Република Македонија дека ќе биде пристрасна комисија, бидејќи е избрана односно именувана од најголемите политички партии, односно партијата на власт, т.е. како такви ќе ја злоупотребуваат надлежноста и ке работат во полза на другите партии односно партијата на власт, а не на онаа која заслужува и има влијание во таа изборна единица каде и добила на минатите избори, треба да се додаде и ова: "вакваа хиерархија на изборните комисии не би требала да се заснива на именување, туку на контрола на работата и давањето стручна помош, а не со диктирање на бирократски начин", бидејќи ова не е демократски туку технократски начин на работење. Партијата што ги добила минатите избори, з аедно со досегашниот пратеник, кој и да е тој, било да се кандидира истиот или не повторно има и морално право, потенцирам морално право да го задржи овој дел од законодавната власт и пона- таму во соодветната изборна единица, се додека тоа го заслужува. Не би требало истата да ја изгуби власта на начин што некореспондира со волјата на бирачите од таа изборна единица.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го закучувам претресот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3 и 4 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

VIII/10.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овој пат малку пократко не затоа што некој така сака, туку така сакам јас.

Имено, во овој амандман именувањето на два члена и нивните заменици од политичките партии во опозиција и исто толку од оние во позиција без да се прецизира точно од која изборна единица, навистина може да се компромитира и злоупотребува самата изборна кампањаѕ и изборите воопшто.

Апсурдно би било членови на изборната комисија да бидат предложени од било која партија што не само што нема кандидати во таа соодветна изборна единица, туку нема никаква шанса ниту да добие, па како такви тие партии ќе бидат пристрасни односно незаинтересирани за одвивање и извршување на фер избори во соодветната изборна единица. Затоа тие четири предложени членови задолжително треба да бидат од соодветната изборна единица, кои ги познаваат избирачите, кои имаат авторитет, нагласувам авторитет и кои непристрасно ке даваат упатство итн.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранеито не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2 и 3 поднесен од пратениците Аце Коцевкси, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станмковски, Слободан Даневски, Славчо Чапов, Кире Видимче, Петар Талимџиоски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот на став 2 се прифаќа, а амандманот на став 3 не се прифака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставникот на предлагачите се согласдуваат?

(Се согласува)

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Кире Видимче, Илија Каров и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од пратнеиците Благоја Силјановски, Љупло Беличев, Душан Данев и Димитрије Вревезовски.

VIII/12.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагачите го повлекуваат амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 3 и 4 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Славчо Чапов, и Кире Видимче, Петар Талимџиоски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Панчо Минов.

о молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекуваат амандманот. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1 алинеја 4 и 13 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов, министер за правда.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Сали Рамадани има збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Бидејќи во претходните амандмани се изјаснивме за поинаков состав, именување и предлагање на изборните комисии, тоа не кореспондира со Државната изборна комисија. Тоа значи и за изборните принципи на кои се определивме, значи на соодветен и специфичен начин, соодветно на тоа и каде што не интервенира со посебни амандмани, преку целиот закон треба да се направи таква корекција, општа, генерална, и од материјално - правен и од формално - правен карактер, по ради терминолошко условување на овие правни институции. Инаку законот и така ни е слаб.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1, алинеја 7, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа и со него се обезбедуваат сите обрасци што ги донесува Државната изборна комисија да бидат објавени во Службен весник.

IX/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 27 точка 9,10,11 и 14 и за бришење на точка 16, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Славчо Чапов, Кире Видимче, Петар Талимџиоски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Панчо Минов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 точка 7, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Славчо Чапов, Кире Видимче, Петар Талимџиоски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Панчо Минов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 31 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници овој амандман го поднесов со една единствена цел, партиите чии седишта се наоѓаат овде во столицата на нашата држава да не смеат на лицата, на кандидатите, за кои ќе се гласа по пропорционалниот систем, да не смеат да кандидираат по- веќе од тројца кандидати од седиштето на партијата. Ова од причина што ако се дозволи на овие листи да се наоѓаат исклучиво кандидати само од Скопје, тогаш ние во идниот Парламент овде ќе седат некаде околу 70 скопски пратеници. Сметам дека тоа ќе биде погубно за оваа држава и од тие причини барам овој амандман да го поддржите, во редовите на овие 35 пратеници да се најдат пратеници од сите наши поголеми градови во нашата држава.

Сметам дека ако остане овој модел на изборен систем, тогаш ќе продолжиме по она старото правило се во Скопје, а ништо надвор од Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 и 2, под- несен од пратеникот Са:ли Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

IX/4.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Значи ќе одиме до крај, некој бара да се нарушува принципот, концепцијата на законот, јас предлагам и барам да се нарушува целиот. Бидејќи овој амандман е во тесна корелација со првиот амандман, т.е. со член 2 став 1 и 2, тоа значи само по себе дека прифаќањето на првиот е поврзана и со овој е истата поопширно одбрана на адекватен начин важи, како што беше веќе речено тука, а за овој амандман нема потреба да се додава ништо повеќе, затоа што беше речено во таа прилика и исходот веќе се знае. Само сакам да докажам дека и понатаму стојам на исто становиште, дека и двата предложени изборни модели не одговараат на нашите услови и дека на новаторски креативен, творечки начин, моите модели се најобјективни, најточни, најреални, најприфатени и најадекватни и истите ако не се прифаќаат сега, секако дека на визионерски начин имаат иднина и еден ден ќе ги замолите и те како, како што изјавил пред некое време за мојата маленкост, еден од највлијателните, ако не и највлијателен, а можеби и модериран политичар од македонско национално потекло, со највисоки политички претензии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

IX/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Можеби овој амандман е досега единствен кој кореспондираше на некој начин со неколку амандмани. Меѓутоа има голема разлика и затоа ќе го образложам на свој начин. Освен тоа што е речено во многу краткото мое образложение, треба да се додаде и ова. Имено, по нашето мислење погрешно, апсурдно и неоправдано е тоа од Предлог законот подносителот на листата не може еден ист кандидат да го стви на листата на кандидати. Ние предлагаме да се брише само зборот "не", т.е. да му се овозможи на одреден кандидат да биде и на листата на кандидати во изборната единица, према нашиот предлог на граѓанскиот принцип, односно према предложениот проект на мнозинскиот принцип, а во исто време и на листата на кандидати, спрема нашиот став на национално пропорционалниот принцип, а на предлагачот на законот на пропорционалниот принцип. Бидејќи спрема првиот принцип може да се случи од Х причини тоа е многу важно да изгуби многу квалитетен кандидат, тоа важи не само за албанците, туку за цела Македонија за пратеник, а тој истиот во листата на кандидатите може да е на прво место, меѓу првите места и до онаа скала каде се добива и како таков ќе добие на овој начин. Но ако добие два пати на листата на кандидати, т.е. во изборната единица и на листата на кандидати, тоа се знае што е нормално, валидна ќе биде победата од листата на кандидати. Додека во листата на кандидати, т.е. према второт принцип, тој се повлекува и го заменува следниот кандидат од листата на кандидати од неговата партија, односно од група избирачи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеника). Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 3 6 за додаваше нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Јован Лазаров, Мирко Пе цов и Мирко Лазаревски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, почитуван министре овде се прави еден компромис, всушност се однесува за тоа еден кандидат да неможе да биде и на листата за кандидати, односно на мнозинскиот дел и на листата на кандидати, односно пропорционалниот модел. Овде се прави еден компромис само носителот на листата да може да биде на двете листи, бидејќи се работи за исклучок амандманот гласи по исклучок подносителот на листата може, значи не мора туку може носителот на листата да го стави и на листата за кандида- ти. Мислам дека ова не го руши основниот концепт на законот', не по- реметува ништо, така што апелирам да гласате за истиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

IX/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 38 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман пратеникот бара на кандидатот за пратеник кој е во работен однос да има право на вонреден неплатен одмор во должина од 20 работни дена, меѓутоа утврдивме дека со закон за работни односи, тој има во секое време на неплатен одмор.

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно е тоа што го констатира министерот за правда дека вработениот има секогаш такво право, меѓутоа, прашање е на работодавачот дали точно тоа право ќе му го овозможи да го користи во предизборната кампања. Во многу законодавства вградев е ваков член, ваков услов кандидат за пратеник чија што кандидатура е прифатена да има право на неплатен одмор во траење од најмалку 20 дена. Мислам дека треба да го прифатиме затоа што сите кандидати ги сведуваме во рамноправни услови. Може да се случи на кандидатот да не му се даде тој неплатен одмор, поради разни причини, да речеме, поради технолошкиот процес и сл. Со ова практично му овозможуваме на кандидатот да може да се подготвува во кампањата. Да бидеме коректни. Ние како сегашни пратеници и потенцијални кандидати, тоа право ќе го имаме како платено право. Ние сега ограничуваме некому неплатено да не може да користи, затоа што законската одредба господине министре, не значи и услов на кандидатот мора да му биде одобрено неплатено отсуство. Мислам нема причина да не го прифати- ме како амандман.

Ако сака кандидатот може да користи, ако не мора. Не мора 20 дена. Може да користи помалку, може повеќе. Мислам дека треба да го користиме искуството кое е прифатено. Јас не го измислив ова. Некаде сум го сретнал во некои закони.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Мерсел Биљали.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се прифаќа должината на траењето на изборното претставување, како и условите кои се планирани за програмското време да ги предвиди Собранието со одлука за правилата за рамномерно медиумско претставување.

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 3,на член 60 став 5, поднесен од пратениците Драган Горѓиевски и Љупчо Мешков.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 1 и за бришење на ставовите 2,3,4 и 5, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отварам претрес по амандман на член 81 став 1 и за бришење на ставовите 2,3,4, и 5, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам претставникот на владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предлага на денот на гласањето сите војници и сите затвореници да бидат пуштени дома.

Амандманот не се прифаќа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Малку погрешно сте го сфатиле амандманот. Овој е осмиот мој амандман, затоа војниците треба да гласаат и те како на сите или на пак огромниот дел колку е овозможено и изводливо да им се дава можност во смени, за неколку часа да се пуштат дома и да гласаат во нивните изборни единици од каде доаѓаат. Така скоро нашите војници половината, а посебно за време на викендот во сабота и не- дела ни се дома, господа од Владата.

Ставовите 2,3,4 и 5 се предлагаат да се бришат, затоа што кога ќе се прифаќаат измените во првиот став, понатамошната изборна процедура во воените единици е непотребна и важи истата процедура, како и во самите изборни единици.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

IX/10.-

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 81-а, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овој амандман како текст ако не е еден подолг амандман мој досегашен за овој мандатен период, сигурно е еден од најдолги- те, значи таков текст кој навистина овој дел на законот го нарушува и мене ми треба тоа да го нарушувам. Освен тоа што е напишано во самото образложение, треба да се додаде и ова. Нашите државјани, жал ми е што не може целата страница на амандманот да се прочита, вие го имате што сте присутни во салата, треба да се додаде значи ова: Нашите државјани кои со децении живеат и работат во други земји, ги сакаме нивните девизи, досега беа уште повеќе дискриминирани во секој поглед.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

За нив се водело многу малку сметка, почнувајќи од школувањето на нивните деца и борбата против асимилацијата, која е многу опасна за чување на нивниот национален идентитет и другите особености. Неколку обиди за време на гласањето се покажаа безуспешни и тие како такви се занемарени. Со прилагодувањето на денот на гласањето, кога тие најмногу доаѓаа во своите домови, овој проблем колку толку ќе се ублажуваше, бидејќи и тие кои немаат многу намера да дојдат, кои се во дилема поради изборите, би се одлучиле за доаѓање.

Значи, јас предлагам во амандманот како ден на изборите да се определи последната недела од месец декември кога голем дел на наши работници во странство се дома. Тоа би било многу паметно. На другите, кои немаат услови во одреден број да им се овозможи секако да гласаат таму каде се наоѓаат. Во исто време предлагам во тој амандман да бидат претставени во Собранието на Република Македонија и за обостран интерес за поврзување на дијаспората со земјата како и за потесна и поуспешна соработка со земјите во кои живеат и работат, со овој амандман им се овозможува да бидат претставени во овој законодавен дом на соодветен начин т.е. спрема нивниот број и национална припадност за која треба да се има секогаш што потполна евиденција која, за жал оваа држава ја нема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 88 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Илија Гоцевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 90 поднесен од пратеникот Илија Гоцевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 92 за менување на став 3 поднесен од пратениците Илија Гоцевски, Санде Џамбазовски, Славко Котевски и Живко Јанкуловски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 93 став 2 поднесен од пратениците Илија Гоцевски, Санде Џамбазовски, Живко Јанкуловски и Славко Котевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 94 за додавање нов став по ставот 5, поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Овој мој амандман се состои, бидејќи пропорционалниот систем од 5% на 2% на националностите не го прифативте дадов уште еден амандман да биде по праг, по клуч по еден пратеник од националностите да биде застапен тука, но бидејќи и тоа не го прифаќате, нека ви служи на чест на македонската јавност, сите граѓани нека гледаат, за нас националностите ќе бараме и ќе предлагам како пратеник, како Бајрам Абди и како претседател на Сојузот на ромите на прес конференција ќе барам поддршка од сите националности да се бришеме од Уставот на Република Македонија од преамбулата да не бидеме во Уставот и да не барате никакво право со нас националностите надвор од Македонија дека ги поседуваме сите права овде во Македонија. После ќе биде многу доцна, ќе барате тоа да го повлечеме од Советот на Европа, но ќе биде доцна.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 94, став 6, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сега открив една друга работа или амандманот воопшто претставникот на Вашата Влада не го прочитал или не го споредувал со неговата техничка грешка во Законот. Баш ми е мило што не го прифатил. Меѓутоа, не треба никакво поопширно образложение од она што е напишано како пропратен текст со амандманот, па ако не сака овој дом да го прифати не само како национален, туку и како пропорционален принцип за кој се определил, тоа во конечната верција на законот ќе испадне како некој трет принцип на изборниот модел, т.е. како определен принцип значи мнозинскиот принцип, пропорционалниот принцип и определен принцип, што ќе биде и смешно, па еве за мој инает немојте да го прифатите ниту вие овој амандман, ако сакате и јас со темелна анализа на целиот законски проект го забележав овој дефект, технички

дефект било да се квалификува од техничка или нелогична природа. Затоа предлагам да не го прифатите овој амандман, а не да се обавува потоа лекторирање кога ќе биде објавен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Претставникот на Владата рече дека не го прифаќа.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5 поднесен од пратениците Јован Лазарев, Мирко Пецов и Мирко Лазаревски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинејата 5, поднесен од пратеникот Туше Гошев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман пратеникот бара да на пратеникот во идниот мандат му престане мандатот и во случај ако му престане членството во партијата, а е избран од листата на кандидати

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 100 став 1, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман на Сали Рамадани го прифаќа, бидејќи е веќе прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 101 став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова не е ништо, прифати, тоа бИло печатна грешка, ваша грешка, логика без логика, што не го прифати овој амандман или барем еден од претходните. Еве на крајот без комплекси, гордо и многу се гордеам што моите амандмани не се прифаќаат за да биде послаб вашиот закон за кој ќе гласате и 12-иот амандман, но ќе остане некој документ, некој ќе брани докторска дисертација на овие грешки, на овој мандатен период.

Малку поопширно образложение и да се опростиме.

Во членот 101 став 1, се вели таксативно "дополнителните избори се распишуваат и кога на пратеник ќе му биде одземен мандатот" тоа е нормално и тука ништо нема спорно. Меѓутоа, во следниот став 2 се доаѓа до апсурдна колизија не само со целиот текст на овој законски проект, туку и со самиот Устав на Република Македонија кога се вели пратеникот на кого ќе му биде одземен мандатот не може да се кандидира на дополнителните избори како кандидат. Тоа нема логика. Го оставам на размислување што е тоа.

Имено, прво, со ова апсурдно решение поврзани се други апсурди кои на конкретен начин се случија и во овој мандатен период на составот на овој Парламент во прв ред е прекршен на најфлагрантен начин

принципот на основните слободи и права на човекот и граѓанинот загарантирано и санкционирано во поднасловот на Уставот граѓански и политички слободи и права посебно во членот 9 став 2, дека цитирам од Уставот "граѓаните пред Уставот и законите се еднакви". Додуша, колизија постои и помеѓу членот 64 став 4 во кој е предвидено дека цитирам дел од него "на пратеникот може да му биде одземен мандатот ... и за неоправдано отсуство на Собранието повеќе од 6 месеци" со дословно "пратеникот не може да биде отповикуван" за ова имавме случај во овој мандатен период кога јас се расправав на правно научен и конструктивен начин на политички и бескомпромисен начин и моето се оствари господа 100%, а на сите нас како и на целото општество тоа не чинеше и материјално и временски и морално многу, а да не зборуваме од етички и друг карактер дека таква грешка не може со ништо да се надокнади. Му го земавме мандатот на пратеник, повторно се кандидираше и дојде во парламентот. Сега, токму за ова што е без преседан сакате излез, а го прекршувате Уставот и сите меѓународни норми и конвенции. И мат потез, самоубиство за вас. Меѓутоа, предлагањето на овој став е уште еден ептен екстремно ограничување на правата на избирачот во овој случај кандидат за пратеник, бидејќи нему со ништо не му е одземено бирачкото право, ако му е одземен пратеничкиот мандат што беше игра, во Уставот се вели може да му се одземе, а не мора затоа што постои колизија со другиот член дека пратеничкиот мандат е неотповиклив, има игра на параграфи, тоа и за време на дополнителните избори има и пасивно, а како такво има и активно изборно право. Затоа што е предвидено во сите правни норми во светот и нема сила која може да му го оспорува. Тоа е кардинална грешка. Како е можно тоа? Досегашниот пратеник кому му е одземен мандатот нема веќе право да се кандидира додека тој истиот граѓанин со

потполни граѓански права како и сите други да оди на избирачкото место, да гласа за друг кандидат, а тој самиот да нема право да се кандидира. Апсурд над апсурди. Значи се откривме, па тој апсурд, луѓе, немојте така. Ако треба да се исправи оваа нелогичност тоа мора да се направи со измена на уставните одредби или евентуално за време на изборната кампања да се влијае кај избирачите, ако се може, и ништо повеќе, но и ништо помалку. Во сите правни норми во светот пишува формуларно секој граѓанин со избирачко право има право да бира и да биде избран. Кој може тоа да го прекрши? Никој. Затоа овој амандман мора да се прифати и никого не молам, туку се наметнувам го сака тоа некој или не, му одговара некому ова или не. Во спротивно идниот прав плуралистички состав на Парламентот кој се очекува секако да дојде ќе ги измени и овие апсурди и тоа од првите денови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 102 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Славчо Чапов, Кире Видимче, Петар Тапимџиоски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Панчо Минов.

Молам претставникот на владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 7, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска, Владимир Станковски, Слободан Даневски, Славчо Чапов, Кире Видимче, Петар Талимџиоски, Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Истиот амандман веќе го прифативме вчера.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа овој не се прифаќа. Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 113 став 1, за менување на алинеја 2, поднесен од пратениците Благоја Силјановски, Љупчо Беличев, Душан Данев и Димитрија Вревезовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 113-а, поднесен од пратениците Благоја Силјановски, Љупчо Беличев, Душан Данев и Димитрија Вревезовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 120 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Санде Џамбазивски и Илија Гоцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 62 став 5 од Уставот на РМ , овој закон се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 74 пратеници)

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање ? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Да ни биде со среќа на новите трети по ред парламентарни избори.

Минуваме на втората точка - Предлог на закон за референдум и граѓанска иницијатива.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Има збор г-динот Горѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Прво, ви благодарам за поддршката за Законот за избор на пратеници.

Предлог законот за референдум и граѓанска иницијатива чие донесување се предлага, значи уште еднаш една операционализација во низата законодавни проекти во основните определби за начинот на вршењето на власта во РМ.

Да потсетам, Собранието на РМ на својата седница одржана на 11.VI.1997 година, го разгледа и го усвои Предлогот за донесување на законот за референдум и граѓанска иницијатива и ја задолжи Владата на РМ да подготви предлог на закон, при што да се земат предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и укажувањата изнесени во расправата на седницата на Собранието.

Владата на РМ исполнувајќи ја својата обврска кон Собранието во подготвувањето на Предлог законот изврши пошироки согледувања со цел да се понудат решенија кои значат чекор напред во развојот на демократските односи, а со тоа и во развојот на политичкиот систем во целина.

Референдумот и граѓанската иницијатива како еден од облиците на непосредна демократија има значајна улога во развиените демократски држави, така што овие два института наоѓаат широка и сестрана примена.

Уставот на РМ , референдумот го дефинира како непосреден облик за остварување на власта на граѓаните и делумно ги определува прашањата за кои задолжително се одлучува по пат на референдум и друг облик на изјаснување. Уставот до крај не ги предвидува сите прашања за кои ќе се одлучува по пат на непосредна демократија, поради што доаѓа до примена на генералната одредба на член 68 став 1 алинаја 2 од Уставот, за сеопфатно уредување на односите во оваа сфера на општествените односи , со закон. Оттука донесувањето на овој закон, како што оцени Собранието при разгледувањето на предлогот за донесување на законот е мошне важен за функционирањето на политичкиот систем и битен сегмент во разграничувањето на правата и обврските на субјектите што го сочинуваат тој систем.

Со Предлог законот за референдум и граѓанска иницијатива се уредуваат прашањата за кои распишува референдум, начинот на распишување и спроведување на референдум како и начинот на остварување на граѓанската иницијатива.

Во Предлог законот се уредува надлежноста за распишување на референдум, која произлегува од Уставот на РМ , при што во сите случаи него го распишува Собранието на РМ , а тој може да се рапише во единиците на локалната самоуправа, за прашања од локално значење и од надлежност на единиците на локалната самоуправа, што се утврдени со Статутот.

Поаѓајќи од одредбите на Уставот на РМ, член 74 став 2 и член 120 став 3 со кои се утврдуваат прашањата за задолжително референдумско изјаснување на граѓаните, за менување на границата на Републиката и за стапување или истапување од Сојуз или заедница со други држави, во предлог законот од овие две прашања посебно се обработуваат. При тоа се утврдува на гласањето да важат одредбите од

Законот за избор на пратеници во Собранието на РМ.

Граѓанската иницијатива како најширок облик на непосредно одлучување се предвидува да се остварува преку поднесување на предлози или иницирање на постапки за пристапување кон измена на Уставот на РМ, донесување на закон, за распишување на референдум, донесување на одлуки за разрешување на други прашања со собирање на определен број на потписи дадени на начин утврдени со закон.

Определените рокови во кои може да се дадат потписите за граѓанска иницијатива, имаат за цел постигнување на ефекти и завршување на постапката во рок кој објективно и одговара на нејзината суштина.

Почитувани пратеници, во интерес на граѓаните на РМ , Владата на РМ очекува Собранието да го донесе законот за референдум и граѓанска иницијатива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам општ претрес, молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандман на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1 , по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 7 став 2, член 8 став 2, член 23 , член 32 став 1 и 2, член 34, членовите 60 став 4 и 61 став 4, член 62 став 3 и на член 63, за менување на став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 9 став 1, член 10 и член 66 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1 , поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман пратеникот бара референдум да може да се распише и во месните заедници, за прашања од непосредно и секој-дневно значење за животот и работата на граѓаните.

Ова прашање е уредено со Законот за локална самоуправа и им е дадено како надлежност со статутите,на локалните заедници. Одтука нема потреба да биде во законот.

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 , член 10 и 66 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот за предлогот на законот.

Молам дали некој збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (57 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Ве молам колку пратеници имаме во салата?

Пред малку имавме 74 пратеници, а сега за десет минути 10 пратеници излегоа од салата.

Да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за референдум и граѓанска иницијатива.

Минуваме од третата точка од дневниот ред - Барање за давање на автентично толкување на член 111 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал поднесена од "Јавор Агроснабител" - Битола.

Барањето и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ констатира дека барањето за автентично толкување на член 111 во Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал, "Службен весннк на Република Македонија“ број

38/93 и 48/93) поднесено од "Јавор Агротекстил" - Битола, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член , од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок заедно со Извештајот на ЗПК на Собранието на РМ да се достави до "Јавор Агротекстил" - Битола.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Очигледно повеќе нема расположение за работа, а ни остана уште неколку точки, две,три.

Ова гласање ќе го повториме утре кога ќе ја продолжиме седницата .

Утре продолжуваме прво со оваа седница, да ја завршиме а после ќе почнеме со новата седница.

Ве молам утре во 10,00 часот ќе почнеме со работа.

Седницата прекина со работа во 17,55 часот.